Во просторот на опфатот на УП за село Витолиште, заради обезбедување на состојбата на културното наследство, со дефинирање на заштитен режим се утврдуваат следните зони на заштита:

- Во опфатот на УП за село Витолиште за руралната споменичката целина село Витолиште со контактната зона се предлага – **Зона на ограничена (гарантирана) заштита.**
- За двата археолошките локалитети се предлагаат контактни зони- **Зона на ограничена заштита.**
- За црквата „Св. Илија“ која се наоѓа надвор од заштитената рурална целина, не се предвидува контактна зона, односно контактната зона се поклопува со габаритот на заштитеното добро.

5.4.2-Степени на заштита за подрачјето на опфатот на УП за село Витолиште

- Во опфатот на УП за село Витолиште, за руралната споменичката целина село Витолиште се пропишува втор (2) степен на заштита.
- За контактната зона се пропишува трет (3) степен на заштита.

Од аспект на заштита на културното наследство, според режимот на заштита, треба да се почитуваат следните општи мерки на заштита:

Од аспект на заштита на културното наследство, според режимот на заштита, треба да се почитуваат следните општи мерки на заштита:

- Дефинирањето на режимот за заштита на подрачјето на опфатот подразбира обезбедување на непосредна заштита на начин кој ке ги зачува неговите изворни, историски, урбанистичко архитектонски, уметнички и естетски вредности и ќе овозможи наменско оспособување на објектите и просторот во целината за користење.
- Сите преземени мерки на заштита во опфатот се одредуваат според вредностите дефинирани со валоризација и категоризација на објектите, односно споменичката целина и се изведуваат под надзор од надлежната институција.
- Руралната структура (изградена и неизградена), се третира според карактерот на зоната, во согласност со тековните потреби и функции, користејќи ги архитектонските карактеристики на добрата.
- Подрачјето на опфатот се зачувува како зона со амбиентални објекти, стопански помошни објекти, дворови, зелени површини, со постоечките тесни криви селски улици и улички - сокаци за потребите на жителите и посетителите.
- Ревитализацијата е определена во зависност од пропишаниот режим на заштита, а воведувањето на нови функции се сообразува според можностите на зоната.
- На постојните и новопроектираните и помошните објекти во споменичката целина село Витолиште не се дозволени никакви интервенции без заштитно-конзерваторско одобрение издадено од надлежниот орган за заштита на културното наследство во согласност со Законот за заштита на културното наследство.
- Постојните помошни објекти кои се наоѓаат во парцелите на објектите кои се предвидени да добијат статус на заштитено добро да не го променат изгледот, применетите материјали, габаритот и висината.
- На подрачјето на руралната споменичка целина село Витолиште и контактната зона не се дозволува изведба на мансардни поткровја.
- Новопланираните објекти во заштитеното подрачје да го следат концептот на отвореност на визурите. Катноста и височината, на евентуално новопредвидените објекти / или на евентуалните доградби и надградби / да бидат резултат на анализи и прилагодување во општиот амбиент и просторни репери.
- При обликувањето на надворешниот изглед на новите објекти во опфатот на заштитеното подрачје да се користат природни и автентични материјали,а се препорачува и користење на традиционалните начини на градба.
- При планирањето на нови објекти во опфатот и било каква припрема на градежна активност, како законска одредба согласно чл. 65 од Законот за заштита на културното наследство (Сл.весник на РМ, бр.20/04 г.) во случај ако се откријат културни слоеви и наоди од претходно живеење, веднаш да се извести надлежната установа (НУ Завод и музеј - Прилеп).
- интервенции ќе се извршуваат во согласност со пропишаниот режим на заштита.
- Преземањето на мерки за непосредна заштита на постојните и новопроектираните објекти во состав на контактната зона се врши врз основа на конзерваторско мислење издадено од надлежната установа за заштита на културното наследство, а во согласност со Законот за заштита на културното наследство (во случајов НУ Завод и музеј Прилеп).

-

5. 4. 3 - Поединечно заштитени добра

- (режим на заштита од втор степен)

- Зачувување на изворната состојба и можност за адаптација на ентериерот, работи на конзервација и реставрација, реконструкција, адаптација со уредување на постојните локации под одредени услови.

1. **Село** **Витолиште**	втор степен	Тековно одржување на објектот, како и зачувување на неговата постојна состојба, со можност за адаптација на ентериерот, конзервација,реставрац	
2. **село** **Витолиште** **Кп.3466**	втор степен	Тековно одржување на објектот, како и зачувување на неговата постојна состојба, со можност за адаптација на ентериерот, конзервација,реставрација, реконструкција и санација на истиот.	
3. **Село** **Витолиште** **Кп.3670**	втор степен	Тековно одржување на објектот, како и зачувување на неговата постојна состојба, со можност за адаптација на ентериерот, конзервација,реставрацij, реконструкција и санација на истиот.	
4. **Село** **Витолиште** **Кп.2621**	втор степен	Тековно одржување на објектот, како и зачувување на неговата постојна состојба, со можност за адаптација на ентериерот, конзервација,реставрација, реконструкција и санација на истиот.	

5. **Село** **Витолиште**	втор степен	Тековно одржување на објектот, како и зачувување на неговата постојна состојба, со можност за адаптација на ентериерот, конзервација,реставрација, реконструкција и санација на истиот.	
6. **Село** **Витолиште**	втор степен	Можност за темелна реконструкција со зачувување на постојниот изглед на фасадите	
7. **Село** **Витолиште**	втор степен	Тековно одржување на објектот, како и зачувување на неговата постојна состојба, со можност за адаптација на ентериерот, конзервација,реставрација, реконструкција и санација на истиот	
8. **Село** **Витолиште** **Кп.2610**	втор степен	Тековно одржување на објектот, како и зачувување на неговата постојна состојба, со можност за адаптација на ентериерот, конзервација,реставрација, реконструкција и санација на истиот.	
9. **Село** **Витолиште** **На сретсело**	втор степен	Тековно одржување на објектот, како и зачувување на неговата постојна состојба, конзервација,реставрација, реконструкција и санација на истиот.	

- Со режимот на заштита од втор (2) степен, се предлагаат мерки на непосредна

заштита како конзервација, реставрација, реконструкција, санација, адаптација, превентива и секој друг вид директна интервенција на заштитените добра што се преземаат во јавен интерес според чл.11 точ.27 од од Законот за заштита на културното наследство.

- Се планира постојната урбана структура да се адаптира на тековните потреби и новите функции, користејќи ги архитектонските карактеристики на добрата. Пропишаните интервенции главно се однесуваат на адаптација на ентериерот, со цел екстериерот, односно фасадите на објектите да се зачувуваат.
- Санација ќе се примени како постапка и метод на директна интервенција на заштитена градба, во случај на делумна замена или зајакнување на конструктивните елементи на заштитената градба, без да се измени надворешниот изглед на градбата и без да се влијае на безбедноста на соседните објекти.
- Реконструкција во поединечни случаи, ќе се примени како постапка и метод на обновување на заштитено добро што во поголем дел е уништено или чии конструктивни и други делови се дотраени.

За локалитетот “Шупливец” се пропишува следниот заштитен режим:

- На КП кои што припаѓаат во заштитениот локалитет а се и во урбаниот опфат, не се дозволува градба на објекти, согласно чл.74, ст.2, точ.4 од Законот за заштита на културното наследство (Сл. В. РМ бр.: 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16).
- При изработката на Урбанистички план за с.Витолиште, во посебните одредби на планската документација да се напомене, дека при било какви градежни активности за потребите на инфраструктурата на парцелите што припаѓаат на заштитениот локалитет и неговата контактна зона, задолжителен е надзор на стручно лице за заштита на културно наследство од надлежната установа, на товар на инвеститорот, согласно чл.74, ст.2, точ.4 од Законот за заштита на културното наследство.
- Во случај на евентуално откривање на наоди од претходни периоди на живеење, задолжително е да се извршат заштитни археолошки ископувања и истражувања. По однос на добиените резултати од заштитните археолошки ископувања ќе се изврши реваоризација на локалитетот, со утврдување на неговата категоризација и ќе се редефинира степенот на заштита со пропишување на соодветен режим на заштита.
- Со оглед што дел од археолошкото наоѓалиште „Шупливец“ се наоѓа на парцели во приватна сопственост и тоа : КП 3951 во сопственост на Трајко Јованов Стојаноски од Витолиште; КП 3952 и КП 3925 во сопственост Трајанка Ѓоре Иваноска од Чаништа и Ѓорѓија Ѓоре Шојоски од Битола; КП 3922 во сопственост Стојан Златев Ташоски од Витолиште; КП 3923 во сопственост на Илко Пејов Пашоски од Прилеп и КП 3924 во сопственост на РМ, се дозволува извршување на замјоделски активности со кои не се нарушува интегритетот на културните хоризонти.

За локалитетот “Св. Харалампиј” се пропишува следниот заштитен режим:

- На парцелите од археолошкиот локалитет “Св. Харалампиј” во рамките на опфатот, не се дозволува градба на објекти, согласно чл.74, ст.2, точ.4 од Законот за заштита на културното наследство (Сл. В. РМ бр.: 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16).
- При изработката на Урбанистички план за с.Витолиште, во посебите одредби на планската документација да се напомене, дека при било какви градежни активности за потребите на инфраструктурата на сите парцели или за санација на објектите кои се наоѓаат во рамките на овој локалитет, задолжителен е надзор на стручно лице за

заштита на културно наследство од надлежната установа, на товар на инвеститорот, согласно чл.74, ст.2, точ.4 од Законот за заштита на културното наследство.

- Во случај на евентуално откривање на наоди од претходни периоди на живеење, задолжително е да се извршат заштитни археолошки ископувања и истражувања, согласно чл.74, ст.2, точ.1 од Закон за заштита на културното наследство. По однос на добиените резултати од заштитните археолошки ископувања ќе се изврши реваоризација на локалитетот, со утврдување на неговата категоризација и ќе се редефинира степенот на заштита со пропишување на соодветен заштитен режим.
- Се задржува постојната висинската катност кај сите веќе постоечки изградени објекти, во заштитеното добро и контактната зона на археолошкиот локалитет.
- На веќе постоечките објекти затекнати на овој археолошки локалитет се дозволува конзервација, реставрација, реконструкција на некои делови и санација, со можност за адаптација на ентериерот.

- Во рамките на заштитеното добро и неговата контактна зона не се дозволени никакви градежни интервенции без претходни конзерваторски мислења издадени од надлежниот орган за заштита на културното наследство, во согласност со Законот за заштита на културното наследство.

5.5 - Посебни мерки за заштита

- Во опфатот на споменичката целина не се дозволени никакви градежни интервенции без претходни конзерваторски одобренија издадени од надлежниот орган за заштита на културното наследство, во согласност со Законот за заштита на културното наследство, условено со пропишаниот режим на споменичката целина.
- Во рамките на опфатот на споменичката целина не се дозволува лоцирање на времени објекти, билборди, контејнери за отпад и сл. Не се дозволува поставување на урбана опрема и никакви градежни интервенции без претходни одобренија издадени од надлежниот орган за заштита на културното наследство.
- Во насока на ревитализација усогласено со карактерот на зоните на ограничена (гарантирана) заштита, се заштитува зелената, јавна површина во дворот на црквите и училиштето, заедно со постоечките стари дрвја, како комплементарна структура на амбиентот.
- Со предложените мерки на заштита се оневозможува било какво уништување на високо стеблестите растенија, додека се поттикнува одржување и дооформување на тревните површини во опфатот, како и регулација на пешачките патеки. Зелената површина ќе се одржува и заштитува согласно законската регулатива за заштита и унапредување на животната средина.
- Евентуалните надградби или изградба на нови објекти висински да кореспондираат со амбиентот на опфатот и да бидат со максимална катност П+2.
- Сообразено со карактерот на делот на зоната на ограничена (гарантирана) заштита, се дозволува реконструкција, односно изградба на објект (факсимилна обнова), согласно постоечките фотографии со висина од П+2 на локациите на срушените објекти. Објектите треба да бидат изведени во стилот на традиционалното локално градителство, со употреба на традиционални градежни материјали и адекватни техники на градба.
- Во рамките на предложената рурална споменичката целина и нејзината

контактна зона не се дозволени никакви градежни интервенции без претходни конзерваторски мислења издадени од надлежниот орган за заштита на културното наследство, во согласност со Законот за заштита на културното наследство.

- Со оглед на археолошките наоди во рамките на опфатот и непосредната околината на опфатот, на цела површина на заштитеното подрачје на овој УП, се пропишува задолжителен надзор на стручно лице за заштита на културно наследство од надлежната установа, како обврска на инвеститорот при ископ на теренот или за потребите на инфраструктурата, согласно чл.74, ст.2, точ.4 од Законот за заштита на културното наследство. Со пропишаната мерка превентивно ќе се отстрани опасноста од загрозување и оштетување на културни слоеви од поранешни периоди на живеење, кои би преставувале културно историско наследство.
- Во зависност од резултатите на археолошките истражувања, доколку се појават и откријат вредни недвижни и движни материјални остатоци, ќе се изврши валоризација и по потреба ќе се редефинира режимот на заштита. Степенот на заштита согласно соодветниот режим во прецизирани граници, ќе се утврдат по завршувањето на археолошките истражувања.
- Со оглед што археолошкото наоѓалиште „Шупливец“ се наоѓа на парцели во приватна сопственост, се дозволува извршување на замјоделски активности со кои не се нарушува интегритетот на културните хоризонти.

- Во рамките на археолошките локалитети не се дозволува лоцирање на времени објекти, билборди, контејнери за отпад и сл. Не се дозволува поставување на урбана опрема и никакви градежни интервенции без претходни одобренија издадени од надлежниот орган за заштита на културното наследство.

6. Спроведување на основите

6.1.1 - Насоки за вградување на основите во текстуалниот приказ

Во текстуалниот дел од планските документи треба интегрално да се користат податоците од текстуалниот (аналитичкиот) дел кои се претставени со графичкиот дел, како содржина на заштитно конзерватоските основи во вид на показатели за различни аспекти од идентификацијата, инвентаризацијата, оценката на состојбата, анализите, валоризацијата, категоризација, предложените мерки за заштита и режимот за заштита.

6.1.2 - Насоки за вградување на основите во графичките прикази на урбанистичките планови

При изработка на урбанистичкиот план за село Витолиште, показателите од валоризацијата, категоризација, режимот и предложените мерки за заштита (претставени во графичкиот дел од заштитно конзераваторските основи) се третираат како документациска основа за соодветен третман на подрачјето на опфатот во делот од заштитниот режим и другите синтезни показатели.

Уредување или изградба на нови објекти на локациите под одредени услови

Уредувањето или изградбата на нови објекти на локациите под одредени услови, треба да се одвива согласно на сите позитивни законски прописи.

6.2- Параметри за заштита на споменичкото наследство изразени во форма на заштитно конзерваторски услови:

Параметри во однос на просторот кој е предмет на опфат

По однос на постојните објекти во опфатот на УП за село Витолиште, а кои се наоѓаат во руралната споменичка целина и се предложени да добијат статус на заштитено добро, како и неутралните објекти кои придонесуваат за вредностите за амбиенталниот изглед на целината во изворна состојба, ќе важат пропишаните услови кои се изразени во форма на заштитно конзерваторски услови.

Поеинечни објекти со статус на заштитено добро

- Значајно културно наследство

Објекти на КП бр.:

3511; 3466; 3670; 2621;2681;2653:2626;;2610; јавна селска чешма

Заштитно конзерваторски услови :

На предложените заштитени добра се дозволува конзервација, реставрација, реконструкција, санација како и континуирано тековно одржување, кое е законска обврска на сопствениците;

Зачувување на првобитниот (оригиналниот) изглед, габарит и катност на објектите;

Не се дозволува изведба на доградби и надградби на објектите;

Се дозволува промена на меѓукатната конструкција без тоа да биде видливо на фасада;
Се дозволува внатрешна реконструкција, промена на внатрешната организација и функција на просторот. Се дозволува санација и адаптација на објектот;

Не се дозволува изведба на поткровја. Се дозволува искористување на поткровниот простор во рамките на постојниот кров, со сочувани нагиби, со постојна кота на венец и слеме;
За осветлување да се користат евентуално по потреба за обезбедување на ново

дополнително, природно осветлување, лежечки прозорци, што го следат падот на кровот;
Не се дозволува отворање на нови отвори (прозорци, врати) на фасадите и не се дозволува промена на димензиите на веќе постоечките отвори, како ниту промена на нивниот растер;
Се дозволува замена на столаријата, со тоа што новата столарија да биде дрвена, и со исти димензии како постоечките;

Објекти кои придонесуваат во историскиот амбиент - заштитно конзерваторски услови:

На предложените објекти кои придонесуваат во амбиентот се дозволуваат градежни зафати со кои нема да се промени неговиот постоечки изглед, како и континуирано тековно одржување, кое е законска обврска на сопствениците;

Зачувување на оригиналниот изглед и катност на објектот. Се дозволува изведба на помали доградби во задниот дел од објектите. Не се дозволува изведба на надградби;

Не се дозволува изведба на поткровја. Се дозволува искористување на поткровниот простор во рамките на постојниот кров, со сочувани нагиби, со постојна кота на венец и слеме;

Се дозволува внатрешна реконструкција, промена на внатрешната организација и функција на просторот;

За осветлување на подкровниот простор да се користат постојните отвори и евентуално по потреба за обезбедување на ново дополнително, природно осветлување со коси лежечки прозорци;

Не се дозволува затворање на постојните отвори на фасадите и не се дозволува промена на димензиите на веке постоечките отвори, како ниту промена на нивниот растер;

Објекти кои се неутрални во историскиот амбиент- заштитно конзерваторски услови:

Придржување кон оригиналниот изглед, габарит и катност на објектот.

Се дозволува изведба на помали доградби во задниот дел од објектите како надградби кои нема да бидат во колизија со околниот амбиент.

Не се дозволува изведба на поткровја. Се дозволува искористување на поткровниот простор во рамките на постојниот кров, со сочувани нагиби, со дозволената кота на венец и слеме.

Се дозволува реконструкција, санација, адаптација и тековно одржување на објектите.

За осветлување на поткровниот простор да се користат постојните отвори и евентуално по потреба за обезбедување на ново дополнително, природно осветлување со коси лежечки прозорци;

7. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНАТА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

С. Витолиште представува ридско-планинско населено место, сместено помеѓу падините на Војковец од север, Гошовски рид од исток, Биглица од југо-исток и Руда од југо-запад. Витолиште се наоѓа на просечна н.м. од ~ 790 – 830 н.мв.
Местополпжбата на с. Витолиште е на југо источниот дел од Прилеп на 44,5 км, а пристапот е преку Регионалниот асфалтен пат Р 1107, кој продолжува низ Мариово и се движи кон исток, а потоа и кон северо исток и продплжува се до Кавадарци.
Овој Регионален пат Р 1107 започнува од запад и се надоврзува на Магистралниот патен правец М5 (Прилеп – Битола) и на Р 1101 (Прилеп - Битола), а преку нив со останатите градови и населени места во РМ.
Западно од селото поминува Задна река, а источно поминува поток Балевец, кој се влива јужно во Краваштинска река, и потоа јужно под с. Витолиште се движат кон запад како Сидорка и на југозападната страна се соединуваат со Задна река.
Во селото, според пописот од 2002 година, живеат 170 жители. Селото има сточарска функција. Во него работи основно училиште, амбуланта, пошта, земјоделска задруга и други услужни градби.
Со оглед на населеноста, опкружувањето, местоположбата и значењето на селото, потребна е изработка на нова урбанистичко-планска документација.

Во рамките на локалитетот има разгранета сообраќајна мрежа, претежно со неасфалтирани улици со неадекватен сообраќаен профил.

Јавно комунално претпријатие Водовод и Канализација Прилеп- За постојната инфраструктура е доставено барање до општина Прилеп и до Јавно Комунално претпријатие Водовод и канализација-Прилеп, по што се добиени информации дека непоседуваат никакви релевантни податоци и информации за планскиот опфат.

Во однос на постојна фекална и атмосферска канализација нема доставени никакви податоци за постојна инфраструктура.

Низ селото нема изведена разгранета водоводна мрежа и не е доставен податок од релевантната институција за постоење на резервоар за вода-постоен ниту планиран.

Допис податоци и нформации од Министерство за култура - Управа за заштита на културното наследство бр.17-2069/2 од 13.07.2020 год.

За предметниот плански опфат најпрво побаравме податоци и нформации од Министерство за клултура-Управа за заштита на културното наследство, со што не

упатуваат да побараме ваше мислење и увид на терен. Во нивниот дописот е наведено следното:

Управа за заштита на културното наследство , орган во состав на Министерството за култура, го разгледа вашето барање за доставување на податоци и информации за изработка на **Урбанистички план за село Витолиште со разработка на блок 11, КО Витолиште, Општина Прилеп и констатира дека во границите на предметниот опфат и во близина на подрачјето на планскиот опфатот се наоѓаат културни наследства и тоа археолошки локалитети Гробишта Св.Илија 4-820-013/209 ЕНД- некропола од римско време, Св.Харалампие- 4-820-013/197 ЕНД-некропола од римско време, Шупливец-4-820-013/203 ЕНД-населба од римско време и други, како црква Св.Атанасие 4-820-013/056 Е-НД, добра за кое основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.**

Поради тоа во согласност со одредбите од член 71 од Законот за заштита на културното наследство (Сл.Весник на РМ бр.20/04, бр.115/07, бр.18/11, бр.148/11, бр.23/13, бр.137/13, 164/13, 38/14 И 44/14), **ве упатуваме да се обратите до надлежната установа НУ Завод за заштита на споменици на култура и музеј-Прилеп, да извршат увид и да се изјаснат со стручни мислење.**

За УПС Витолиште се изготвени заштитно конзерваторски основи со бр. 10-94/2 од 31.03.2022 од страна на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Прилеп, за кои од страна на Министерство за ултура-Управата за заштита на културното наследство е добиено решение за нивно одобрување, со бр. УП 17-220 ОД 07.04.2022 год.

ЕВН Електродистрибуција ДООЕЛ, Скопје КЕЦ Прилеп, допис бр.10-1671/6-188 од 23.06.2020, во рамки на опфатот се опфатени среднонапонски надземен вод, нисконапонски надземен вод, трафостаница

До трафостаниците има воздушни среднонапонски далноводи, а во внатрешноста на планскиот опфат има нисконапонски надемни водови и ниско напонски столбови.

Министерство за животна средина и просторно планирање-Сектор води, допис бр.11-3236/4 од 27.08.2020-Констатирано е дека се идентификувани површински водотеци, евидентирани во Агенција за катастар на недвижности кои поминуваат во планскиот опфат.

Јавно претпријатие за државни патишта, допис бр. 10-6744/2 од 26.06.2020- Констатирано е дека низ и покрај приложениот плански опфат поминува регионалниот пат Р 1107 за кој не е предвидено проширување нити менување на сегашната траса.

Агенција за цивилно воздухопловство, допис бр.12-8/276 од 22.06.2020 год.- Констатирано е дека планскиот опфат се наоѓа вон зона на било кој аеродром и нема објекти и инсталации од областа на цивилното воздухопловство и истиот може да се планира без посебни ограничувања.

АЕК-Допис со бр.1404-2007/2 од 30.06.2020- констатирано е дека во опфатот има податоци за изградени јавни електронски комуникациски мрежи и системи, кои се доставени.

Македонски телеком АД Скопје -Во планскиот опфат нема разгранета телекомуникациска мрежа до деловите со реализиран градежен фонд, со која стопанисуваат Македонски Телеком АД Скопје.

АД друштво за вршење на енергетски дејности Македонски Енергетски ресурси Скопје- констатирано е дека во рамки на планскиот опфат нема изградено и не е планирано изградба на гасоводна мрежа.

ГАМА- констатирано е дека во рамки на планскиот опфат нема изградено и не е планирано изградба на гасоводна мрежа.

АД МЕПСО-ДОПИС БР. 11-4364/1 ОД 23.06.2020-констатирано е дека предметниот плански опфат не се пресекува со ЕЕ Објекти во сопственост на АД Мепсо

Министерство за образование и наука со допис бр.09-6020/1 од 22.06.2020- констатирано е дека егзистирало ООУ "Столе Попов"

Комуналниот отпад - сметот ќе се одлага во контејнери лоцирани на погодни места во рамките на планскиот опфат, од каде ѓубрето ќе се евакуира во регионална депонија во с.Алинци, оддалечен од градот Прилеп околу 18 км и се наоѓа на југо-запад од Градот Прилеп.

8. АНАЛИЗА НА СТЕПЕН НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВАЖЕЧКИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

Површината на планскиот опфат е опфатена со претходно изработени планови:

Површината на планскиот опфат е опфатена со претходно изработени планови:

Основа за изработување на Урбанистичкиот план за село се условите за планирање на просторот бр.Y16419 од октомври 2019 година изработени од Агенција за планирање на просторот, како и постојната состојба.

и за кои е донесено и Решение од Министерството за животна средина и просторно планирање со бр. УП1-15 1505/2019 од 29.10.2019.

За конкретниот плански опфат, претходна урбанистичко планска документација е изработувана уште во 2004 год, каде со одлука на совет на општина Витолиште, заведена под бр. 07-47/2 од 09,02,2004 год е усвоен ОПШТ акт за населено место Витолиште, но истиот не е во важност.

9. АНАЛИЗА НА МОЖНОСТИТЕ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ

Програмските проекции на просторот се движат во следните насоки:

- Потребно е да се изработи планскиот опфат за Урбанистички план за село.
- Да се планираат намени на земјиштето и градбите во согласност со зададените со Планската програма, како и состојбата на терен и реалните потреби на Општината и крајните корисници.
- Да се планира сообраќајно решение во склад со позитивната законска и подзаконска регулатива од областа на сообраќајот и урбанистичкото планирање, со кое ќе се обезбеди сообраќајна поврзаност на сите катастарски парцели.

На предметниот простор, кој е делумно реализиран, потребно е предвидување содржини со цел за нивна реализација и решавање на нивниот статус во склад со потребите на корисниците и Општината.

Можностите за просторен развој ги дефинираат насоките поставени како дел на развојот.

Со анализата на постојна состојба, потребите на Општината и жителите од предметниот локалитет треба да се оценат и одредат можностите на просторниот развој:

- во која насока е неопходниот развој;
- кои се ограничувачките фактори (тесни грла) на развојот;
- кои се реалните можности за развој.

Потребно е да се предвиди решение кое би ги оформило намената и карактерот на функциите.

Во поглед на системот на градба и стандардите треба да се градат економско исплатливи градежни зафати на објектите.

Потребно е да се постигне повисок стандард во однос на:

- површини;
- квалитет на градба;
- употреба на материјали;
- поголеми естетски вредности;
- соодветни инсталации;
- обезбедување на сите сообраќајни услови за проточност и безбедност на сообраќајот и комплексно решавање на сообраќајот во мирување;
- поврзување со инфраструктурни системи, како и можност од реализација на нови системи.

Во поглед на инфраструктурата потребно е:

- Паралелно со реализација на планските документи и оформување на квалитетни простори да се изведе примарната и секундарната мрежа на сите постојни инфраструктурни системи (водовод, фекална и атмосферска канализација, електрика, телефонија).

Треба да се предложи такво просторно решение што ќе обезбеди поголем степен на искористеност на градежното земјиште со потребно ниво на сообраќајна услуга.

10.ДРУГИ ПРИЛОЗИ

10.1. НУМЕРИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТОЈНА СОСТОЈБА

	реден број	катност	површина под објект m²	развиена бруто површина m²	вид на конструкција	состојба	класа на намена	забелешка
1		3	5	6	9		13	15
	11.1	П	650m²	650m²	МЕШАНА	Л	В1	Основно училиште
	11.2	П+1	192m²	383m²	СКЕЛЕТ	Д	В3	Полициска станица
	11.3	С+1	195m²	390m²	МЕШАНА	С	В2	Здравствен дом
	11.4	П+1	172m²	343m²	МЕШАНА	С		Спална со соби со менза
	11.5	П	144m²	144m²	СКЕЛЕТ	Д	Г2	Текстилна индустрија-Солидност
	11.6	П	228m²	228m²	СКЕЛЕТ	Д	Г2	Текстилна индустрија-Солидност
	11.7	С+1	218m²	437m²	МАСИВНА	Л	Г2	Административна зграда-Црн Бор
	11.8	П	90m²	90m²	МАСИВНА	Л	Г2	Административна зграда-Црн Бор
	11.9	П	99m²	99m²	МАСИВНА	Л	Г2	Административна зграда-Црн Бор
	11.10	П	214m²	214m²	МАСИВНА	Л	Г2	Пилана-Стар-Црн Бор
	11.11	П	41m²	41m²	МАСИВНА	Л	Г2	Пилана-Стар-Црн Бор
	11.12	П	117m²	117m²	МЕШАНА	С	Г2	Менза
	11.13	П	29m²	29m²	СКЕЛЕТ	Д	В4	Објекти ПТТ
	11.14	П	23m²	23m²	СКЕЛЕТ	Д	В4	Објекти ПТТ
	11.15	П	37m²	37m²	СКЕЛЕТ	Д	А1	
	11.16		26m²	26m²		Л	А1	рушевина
	ВКУПНО		2473m²	3250m²				

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА 2020 ГОД. УПС ВИТОЛИШТЕ СО РАЗРАБОТКА НА БЛОК 11, О.ПРИЛЕП-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА				
Б1	А1 - ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ		1358 m²	4,72%
	Н3-НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ		25327 m²	88,08%
	Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА	СООБРАЌАЈНИ КОРИДОРИ	2069 m²	7,19%
ВКУПНО БЛОК 1			28754 m²	100,00%
Б2	А1 - ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ		48793 m²	64,90%
	Н3-НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ		10042 m²	13,36%
	Д4 - МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ		8085 m²	10,75%
	Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА	СООБРАЌАЈНИ КОРИДОРИ	7414 m²	9,86%
	Г2 - ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА		851 m²	1,13%
ВКУПНО БЛОК 2			75184 m²	100,00%
Б3	А1 - ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ		30734 m²	53,21%
	Н3-НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ		12103 m²	20,95%
	Д4 - МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ		6264 m²	10,84%
	Г2 - ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА		1678 m²	2,91%
	Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА	СООБРАЌАЈНИ КОРИДОРИ	6982 m²	12,09%
ВКУПНО БЛОК 3			57761 m²	100,00%
Б4	А1 - ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ		1280 m²	8,50%
	Н3-НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ		12471 m²	82,86%
	Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА	СООБРАЌАЈНИ КОРИДОРИ	1299 m²	8,63%
ВКУПНО БЛОК 4			15050 m²	100,00%
Б5	А1 - ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ		9571 m²	41,90%
	Н3-НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ		11524 m²	50,45%
	Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА	СООБРАЌАЈНИ КОРИДОРИ	1748 m²	7,65%
ВКУПНО БЛОК 5			22843 m²	100,00%
Б6	А1 - ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ		6630 m²	79,25%
	В3 - КУЛТУРА		278 m²	3,32%
	Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА	СООБРАЌАЈНИ КОРИДОРИ	1458 m²	17,43%
ВКУПНО БЛОК 6			8366 m²	100,00%
Б7	А1 - ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ		14886 m²	66,90%
	Н3-НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ		2866 m²	12,88%
	Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА	СООБРАЌАЈНИ КОРИДОРИ	3482 m²	15,65%
	РЕКА		1017 m²	4,57%
ВКУПНО БЛОК 7			22251 m²	100,00%
Б8	А1 - ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ		8990 m²	34,77%
	Н3-НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ		13226 m²	51,16%
	Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА	СООБРАЌАЈНИ КОРИДОРИ	1890 m²	7,31%
	РЕКА		1748 m²	6,76%
ВКУПНО БЛОК 8			25853 m²	100,00%
Б9	А1 - ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ		11870 m²	17,79%
	В3 - КУЛТУРА		764 m²	1,15%
	В5 - ВЕРСКИ ИНСТИТУЦИИ		1335 m²	2,00%
	Н3-НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ		35201 m²	52,74%
	Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА	СООБРАЌАЈНИ КОРИДОРИ	7599 m²	11,39%
	РЕКА		9971 m²	14,94%
ВКУПНО БЛОК 9			66742 m²	100,00%
	Н3-НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ		42808 m²	97,50%
	Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА	СООБРАЌАЈНИ КОРИДОРИ	1098 m²	2,50%
ВКУПНО БЛОК 10			43906 m²	100,00%
Б11	А1 - ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ		953 m²	0,68%
	В1-ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА	ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ	7370 m²	5,25%
	В2-ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА	АМБУЛАНТА	2510 m²	1,79%
	В4-ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ	ПОЛИЦИСКА СТАНИЦА	3708 m²	2,64%
	В4-ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ	ПОШТА	1576 m²	1,12%
	В5 - ВЕРСКИ ИНСТИТУЦИИ	ЦРКВА	975 m²	0,69%
	Г2-ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА		10684 m²	7,60%
	РЕКА		6146 m²	4,37%
	Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА	СООБРАЌАЈНИ КОРИДОРИ	5426 m²	3,86%
	Н3-НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ		101151 m²	71,99%
ВКУПНО БЛОК 11			140500 m²	100,00%

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРИЛЕП
СЕКТОР / ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
ПРИЛЕП

БР. БР. 10-1575/2
од 16.09.2019 год.
Прилеп

До
Агенција за планирање на просторот

ПРЕДМЕТ: Информација

Почитувани,

Согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на РМ” бр.199/14, 193/15, 44/15, 31/16,163/16,64/18 И 168/18), член 25, став 6, Ве известуваме дека предложениот плански опфат за изработка на урбанистички план за н.м. Витолиште, КО Витолиште - Општина Прилеп, не е во состав на плански опфат на донесен урбанистички план,урбанистичко планска документација или урбанистички план во постапка на донесување.

Изработил**:** Панда Ризоска

ОВЛАСТЕН ПОТПИСНИК
Раководител на одделението за
урбанизам и заштита на животната средина
Марика Јовческа
_____

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 1505/2019
Дата: ...29...10...2019..

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04) и член 25, став 8 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 199/44, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16 и 64/18), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е
за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Прилеп ѝ се издаваат **Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за село Витолиште, КО Витолиште, Општина Прилеп.** Површината на планскиот опфат изнесува 50,9 ha.
2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех. бр. Y16419** се составен дел на Решението.
3. Условите за планирање на просторот за изработка Урбанистички план за село Витолиште, КО Витолиште, Општина Прилеп, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.
4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на планската документација потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Прилеп, врз основа на член 25, став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16 и 64/18), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УП 23792, до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Услови за планирање на просторот за изработка Урбанистички план за село Витолиште, КО Витолиште, Општина Прилеп.

Согласно член 25, став 7 од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за село Витолиште, КО Витолиште, Општина Прилеп и ги достави

Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 1505/2019
Дата: .....

до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1505/2019 од 24.10.2019 година.

Условите за планирање на просторот се издаваат за изработка на **Урбанистички план за село Витолиште, КО Витолиште, Општина Прилеп** и претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение и одлучи како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

МИНИСТЕР
Naser Nuredini

Изготвил: Дејан Гацовски

Одобрил: Неби Реџепи

Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

SPATIAL PLANNING AGENCY

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ВИТОЛИШТЕ, КО ВИТОЛИШТЕ ОПШТИНА ПРИЛЕП

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Тех. бр. Y16419

Скопје, октомври 2019

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ВИТОЛИШТЕ, КО ВИТОЛИШТЕ ОПШТИНА ПРИЛЕП

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Барател: Општина Прилеп

Тех.бр. Y16419

Раководител на задачата:
Зоран Цветановски, д.и.ж.с.

Координатор:
м-р Весна Мирчевска Димишковска, д.и.з.ж.с.

Раководител на сектор за просторно планирање:
д-р Душица Трпчевска Анѓелковиќ, д.и.а.

Агенција за планирање на просторот

в.д. Директор
Огнен Апостолски, д.и.а.

Скопје, октомври 2019

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ЗА ИЗРАБОТКА НА

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ВИТОЛИШТЕ, КО ВИТОЛИШТЕ

ОПШТИНА ПРИЛЕП

На седницата одржана на 11.06.2004 година, Собранието на Република Македонија, го донесе Просторниот план на Република Македонија како највисок, стратешки, долгорочен, интегрален и развоен документ, заради утврдување на рамномерен и одржлив просторен развој на државата, определување на намената, како и уредувањето и користењето на просторот.

Со Просторниот план се утврдуваат условите за хумано живеење и работа на граѓаните, рационалното управување со просторот и се обезбедуваат услови за спроведување на мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина и природата, заштита од воени дејствија, природни и технолошки катастрофи.

Со донесувањето на Планот се донесе и Закон за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија", број 39/2004).

Со Законот се уредуваат условите начините и динамиката на спроведувањето на Просторниот план, како и правата и одговорностите на субјектите во спроведувањето на Планот.

Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија, се заснова врз следните основни начела:

- јавен интерес на Просторниот план на Република Македонија;
- единствен систем во планирањето на просторот;
- јавност во спроведувањето на Просторниот план;
- стратешкиот карактер на просторниот развој на државата;
- следење на состојбите во просторот;
- усогласување на стратешките документи на државата и сите зафати и интервенции во просторот;
- **координација на Просторниот план на Република Македонија, со другите просторни и урбанистички планови и другата документација за планирање и уредување на просторот**, како и со субјектите за вршење на стручни работи во спроведувањето на Планот.

Спроведувањето на Планот подразбира задолжително усогласување на соодветните стратегии, основи, други развојни програми и сите видови на планови од пониско ниво, со Просторниот план.

Според член 4 од овој Закон, Просторниот план, се спроведува со изготвување и донесување на просторни планови на региони, просторни планови на подрачја од посебен интерес, просторен план на општина, на општините во градот Скопје и на Градот Скопје, како и со **урбанистички планови за населените места** и друга документација за планирање и уредување на просторот, предвидена со закон.

За изработка и донесување на плановите од став 2 на овој член, Министерството надлежно за работите на просторното планирање, издава **Решение за Услови за планирање на просторот.**

Условите за планирање на просторот, според овој Закон, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија од планската документација од повисоко ниво и графички прилог или прилози кои ги прикажуваат решенијата на Планот.

Условите за планирање на просторот се наменети за изработка на **Урбанистички план за село Витолиште, КО Витолиште, Општина Прилеп. Површината на планскиот опфат изнесува 50,9 ha.**

Во граници на планскиот опфат се предвидуваат намени на земјиштето согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот на населбата и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со Просторниот план на Република Македонија.

Основни определби на Просторниот план на Република Македонија

Основната **стратешка определба** на Просторниот план на Републиката е остварување на **повисок степен на вкупната функционална интегрираност на просторот на државата**, како и обезбедување услови за значително поголема инфраструктурна и економска интеграција со соседните и останатите европски земји.

Остварувањето на повисок степен на интегрираност на просторот на Републиката подразбира **намалување на регионалните диспропорции**, односно квалитативни промени во просторната, економската и социјалната структура.

Основни претпоставки на кои се базира стратегијата на **рамномерен развој** се следните:

- уважување на реалните фактори на развој;
- превземање стимулативни мерки од страна на државните и други фондови и други видови поддршка за програми на локалните заедници и стопанските актери.

Дел од оваа стратегија е поттикнување на соодветни програми за подобрување на квалитетот на живеење во населбите, како и стимулирање на развојот во помалите градови. **Деметрополизацијата** (селективното пренесување на одделни функции и активности, управно-административни, економски, културни и други, од републичкиот центар во други градови) зацртана во Просторниот план, не значи запирање на неговиот развој, туку неопходност за квалитативната трансформација на просторните и социо-економските структури.

Развојот на недоволно развиените, ридски, планински и погранични подрачја базира врз интегрален развој кој подразбира комбинација на фактори, како што се: природните, демографските процеси, сообраќајните и другата инфра и супраструктурна опременост.

Во инвестиционите одлуки за материјалното производство, стриктно се почитуваат локационите, техно-економските и критериумите за заштита на животната средина, кои се усвоени на национално ниво.

Една од основните цели на Просторниот план се однесува на рационално користење и заштита на природните ресурси, особено дефицитарните и стратешки значајните за развојот и квалитетот на живеењето во земјата.

Основните стратешки определби во Просторниот план на Република Македонија е приоритетот во **заштита на водите од Прва и Втора класа**, од кои е предвидено да се врши водоснабдување на населените места.

Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е **заштитата на земјоделското земјиште,** а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето. Исто значење му се придава на пошумувањето, обновувањето и подобрувањето на квалитетот на шумите.

Неопходно е воспоставување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на норми и стандарди за градба.

Во заштитата на природните и културните вредности и напорите за унапредување на квалитетот на живеењето во Републиката, посебно тежиште се става на унапредувањето и заштитата на животната средина. Состојбата на животната средина и еколошките барања се битен фактор на ограничување во планирањето на стопанските активности, заради што е неопходна процена на влијанијата врз животната средина. Посебно значење имаат заштитата и промоцијата на вредните природни богатства и поголемите подрачја со посебна намена и со природни вредности, важни за биодиверзитетот и квалитетот на животната средина, како и заштитата и промоцијата, или соодветниот третман на културното богатство согласно со неговата културолошка и цивилизациска важност и значење.

Местоположба на локацијата и ружа на ветрови



Природни и климатски карактеристики

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, а без учеството и влијанието на човекот во нив спаѓаат географската и геопрометната положба на подрачјето, релјефните карактеристики, геолошки, сеизмички, педолошки и климатски карактеристики.

Клима: Во овој предел владее умерено-континентална клима, со просечна годишна температура од 11,1°C, односно просечен годишен максимум 16,6°C и годишен просечен минимум 6,1°C. Годишната амплитуда изнесува 21,8°C, додека разликата меѓу апсолутниот максимум (39,4°C) и апсолутниот минимум (-22,4°C) изнесува 61,8°C. Просечната годишна сума на сончевиот сјај изнесува 2300,7 саати. Просечна релативна влажност на воздухот изнесува 68%, што е прилично блиску до оптималната (70%).

Врнежи: Во поглед на врнежите карактеристичен е медитеранскиот плувијален режим. Просечна годишна сума на атмосверскиот талог изнесува 551,5mm, со големи осцилации во поедини години (од 138mm до 712mm) и со нерамномерна распореденост во текот на годината. Просечно годишно има 33 денови со снежна покривка, а 150 дена трае мразниот период.

Магла: Просечно годишно има 12 дена со магла, 93 ведри денови, 183 облачни и 89 тмурни.

Ветрови: Подрачјето се смета за добро проветрено, со најголема зачестеност на ветровите од североисточен правец од 258‰ и просечна брзина од 3,7m/sek. југозападниот ветер со честина од 112‰, јужниот 55‰ западниот 38‰ северниот 37‰ исток 32‰ северозапад 17‰ и североисток 13‰.

Сеизмика: Врз основа на досегашните сеизмолошки истражувања и макросеизмичката реонизација на територијата на РМ, очекуваните максимални земјотреси од локални или далечински жаришта, во рамките на урбаното подрачје ќе се манифестираат со епицентрален интензитет до VII° според Меркалиевата скала.

Податоците се од мерна станица Прилеп.

Економски основи на просторниот развој

Концептот на планиран развој и просторна разместеност на економските дејности во "Просторниот план на Република Македонија" се темели на дефинираните цели на економскиот развој во “Националната стратегија на економскиот развој”, определбите за рационално користење на потенцијалите и погодностите на развојот, поставеноста на системот на населби, како и политиката за порамномерна и порационална просторна организација на производните и услужни дејности.

Според економската структура, фазата од развојот во која се наоѓа економијата, степенот на расположивоста на факторите, економските состојби и економската позиција на Државата во светот, идниот развој на македонската економија е детерминиран од насоките и комбинацијата на инвестициите со другите развојни фактори.

Концепцијата на просторната организација на производните и услужни дејности поаѓајќи од објективните фактори, пазарните услови, доминацијата на приватната сопственост во економскиот систем и одлуките на државните и локалните органи, се остварува како комбинација на концентрацијата на стопанството на одделни места и дисперзија во просторот кои се

комплементарни приоди во развојот и просторната разместеност на економските дејности.

Со разместувањето на економските капацитети и со агломерирањето на населението во просторот, се формираат центри-полови на развојот како што е Градот Прилеп со гравитационо влијание врз просторот за кој се наменети Условите за планирање.

Половите на развој ги формираат оските на развојот кои во минатото се формирале во зависност од географските карактеристики на просторот, а во денешно време позначајни станаа деловните односи, комуникациите, како и изградените инфраструктурни системи и стопански капацитети.

Со Просторниот план на Р Македонија дефинирани се пет оски на развој од кои релевантна за Општината на чиј простор се наоѓа селото за кое се наменети Условите за планирање е "Јужната развојна оска" која што досега ретко е споменувана, но во иднина со ефектуирањето на сите претпоставки за развој, ќе го потврдува своето значење. Оваа развојна оска ги поврзува градовите: Струга - Охрид - Ресен - Битола - Прилеп - Кавадарци - Неготино - Штип – Кочани - Делчево и продолжува кон Благоевград во Р Бугарија, а на запад продолжува кон Елбасан во Р Албанија.

Развојните оски имаат значајна улога во просторната организација, а во прв ред за модернизација на патиштата, за изградбата на далекуводи, гасоводи итн., со што ќе се создадат предуслови за поттикнување на развојот на вкупната економија во регионот и интегрален просторен развој на Државата.

При спроведувањето на стратегијата за организација и користење на просторот за производните и услужни дејности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност на просторот, заштита на природните и создадени ресурси и богатства, сообраќајно и информатичко поврзување, локациона флексибилност и почитување на објективните фактори на развојот.

Реализацијата на Урбанистичкиот план за селото Витолиште, КО Витолиште, Општина Прилеп со планскиот опфат од 50,9 ha согласно определбите на "Просторниот план на Република Македонија", треба да базира на принципите и стандардите за заштита на животната средина и одржлив економски развој, особено превенција и спречување на негативните влијанија на постојните и планирани производни и услужни дејности применувајќи ја релевантната законска регулатива.

Појдовна поставка за просторниот и регионалниот развој е дека за просторното и урбанистичкото планирање не се доволни сознанијата за развојот на стопанството во земјата, туку треба да се согледаат и да се предвидат и последиците од тој развиток врз неговото разместување во просторот.

Една од планските определби утврдени со Просторниот план на Република Македонија е рационално користење на земјиштето заради што е неопходно пред започнување на сите активности да се утврди економската и општествена оправданост за зафаќање на предложената површина од 50,9 ha на планскиот опфат на селото.

Користење и заштита на земјоделско земјиште

Зачувувањето, **заштитата и рационалното користење на земјоделското земјиште** е основна планска определба и главен предуслов за ефикасно остварување на производните и другите функции на земјоделството, а конфликтните ситуации кои ќе произлегуваат од развојот на другите

стопански и општествени активности ќе се решаваат врз основа на критериуми за глобална општествено-економска рационалност и оправданост со што ќе се постигнат следните зацртани цели:

- Запирање на тенденциите на прекумерна и стихијна пренамена на плодните површини во непродуктивни цели;
- Зголемување на продуктивната способност на земјоделското земјиште и подобрување на структурата на обработливите површини во функција на поголемо производство на храна;
- Привремено или трајно исклучување од процесот на производство на храна на терените каде концентрацијата на токсични материи од сообраќајни коридори во земјиштето, воздухот и водата се над дозволените норми;
- Рекултивирање и враќање на деградираното земјиште во земјоделска намена со мелиоративни и агротехнички зафати;
- Искористување на компаративните предности и погодности на одделни подрачја и стопанства за повисок степен на финализација и задоволување на потребите на преработувачките капацитети и нивна ориентација кон извоз;
- Обезбедување на материјални и други услови за дефинирање и реализација на програмата за реонизација на земјоделското производство поради рационално искористување на сите природни ресурси, човечки потенцијали и индустриско-преработувачки капацитети.

Согласно просторниот план на Република Македонија просторот на РМ е поделен во **6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони**. **Предметната локација припаѓа на Пелагонискиот реон кој има 10 микрореони.**

При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Пренамената на земјоделското земјиште се регулира со Законот за земјоделско земјиште. Доколку при изработка на урбанистичко планската документација предвидена во Член 7 во Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ, бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), се зафаќаат нови земјоделски површини, надлежниот орган за одобрување на планските програми веднаш по заверка на истите до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесува барање за согласност за трајна пренамена на земјоделско земјиште во градежно.

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

Согласно Просторниот план на Р Македонија планирањето и реализирањето на активностите за подобрување на условите за живот треба да се во корелација со концептот за одржлив развој, кој подразбира рационално користење на природните и создадените добра. Одржливиот развој подразбира користење на добрата во мерка која дозволува нивна репродукција, усогласување на развојните стратегии и спречување на конфликти во сите области на живеење. Во развојот на водостопанството и водостопанската инфраструктура мора да се запази концептот на одржлив развој кој е насочен

кон рационално користење на водата. Стратегијата за користење и развој на водостопанството е условена од фактот дека Републиката е сиромашна со вода. Колку водите во одреден простор може да се сметаат за "воден ресурс" зависи од можноста за нивно искористување, односно од можноста за реализирање на водостопански решенија со кои водите ќе се искористат за покривање на потребите од вода за населението, земјоделството, индустријата и за заштитата на живиот свет.

Со Просторниот план на Република Македонија на територијата на Републиката дефинирани се 15 водостопански подрачја (ВП): "Полог", "Скопје", "Треска", "Пчиња", "Среден Вардар", "Горна Брегалница", "Средна и Долна Брегалница", "Пелагонија", "Средна и Долна Црна", "Долен Вардар", "Дојран", "Струмичко Радовишко", "Охридско - Струшко", "Преспа" и "Дебарско".

Селото Витолиште, Општина Прилеп се наоѓа во сливот на Црна Река, поточно во ВП "Средна и Долна Црна Река" кое го опфаќа сливот на Црна Река од водомерниот профил „Скочивир" до вливот на реката во Вардар.

За подобрување на режимот на водотеците, но и за целосно искористување на нивниот хидроенергетски потенцијал во ВП "Средна и Долна Црна" изградена е акумулацијата "Тиквешко Езеро" на Црна Река со корисен волумен од $3,1x10^6m^3$. Основна намена на водите од акумулацијата е наводнување на обработливите површини во Тиквешко Поле и производство на електрична енергија.

Во идниот период во ова ВП се предвидува изградба на акумулациите "Макарија", "Галиште" и "Чебрен" на Црна Река чии води ќе бидат наменети за производство на електрична енергија, за наводнување на обработливите површини и за подобрување на режимот на протеците на водотеците.

Согласно Просторниот план на Република Македонија основна цел во развојот на водостопанството е континуирано обезбедување на потрошувачите со квалитетна вода.

При обезбедувањето на потребните количини на вода за селото потребна е примена на мерки кои ќе овозможат квалитетно водоснабдување, но истовремено и заштита на водите преку:

- Оформување и одржување на заштитни зони околу изворникот кој ќе се користи за водоснабдување и дефинирање на режим на заштита во заштитните зони;
- Синхронизирана изградба на водостопански објекти со кои ќе се овозможи повеќе корисници да се снабдуваат со квалитетна вода;
- Рационално користење на водата преку имплементирање на современи технички решенија во водоснабдителниот систем.

Доколку за водоснабдување се користат подземни води (бунари) динамиката на користењето да биде усогласена со барањето на долгорочна експлоатација. Експлоатацијата на подземните води да се базира на извршени хидрогеолошки испитувања со кои ќе се дефинира нивниот квантитет и квалитет.

Еден од основните приоритети во заштитата на животната средина е заштитата на квалитетот на подземните и површинските води. За таа цел потребно е изградба на канализациски систем за прифаќање и третман на отпадните води и спроведување на принципот за "заштита на квалитетот на водите на самите извориштa на загадување" преку:

- Изградба на сепарациски канализациски систем во границите на планскиот опфат;

– Отпадните води пред да се испуштат во реципиентот мора да бидат подложени на третман на пречистување, односно да бидат доведени до квалитет према “Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води”.

Доколку во границите на планскиот опфат на селото постојат стопански капацитети кои од технолошкиот процес испуштаат отпадни води кои поради својот квалитет може да го оневозможат функционирањето на пречистителната станица или да предизвикаат проблеми во функционирањето на канализациската мрежа во селото, стопанскиот субјект мора да изврши предтретман на отпадните води пред да ги испушти во канализациската мрежа.

Селото на западната страна се граничи со Задна Река, а и низ него минуваат водотеците Краваштанска Река и Балевец. При изработката на планската документација да се предвиди регулација на водотеците и да се обезбеди заштитен појас покрај речните корита.

Енергетика и енергетска инфраструктура

Од аспект на **енергетиката и енергетската инфраструктура** со Просторниот план на Р Македонија се дефинираат состојбите, потребите и начините на задоволување на потрошувачката на разните видови на енергија во Република Северна Македонија. При тоа приоритет се дава на намалување на увозната зависност на енергенти и енергија, односно задоволување на потрошувачката со домашно производство.

Според статистичките податоци последниве години во Република Северна Македонија над 30% од потрошената електрична енергија е од увозно потекло за што се одвојуваат големи девизни средства. Зголемената потрошувачка на енергетски горива ја наметнува потребата од подобрување на енергетската ефикасност. Европската регулатива „Европа 2020“ за паметен, одржлив и сеопфатен развој предвидува мерки за намалување на емисиите на издувни гасови, зголемување на користењето на обновливи извори на енергија и зголемување на енергетската ефикасност. Имплементирањето на овие мерки, ќе придонесе за подобра односно поквалитетна иднина за следните генерации, отворање на нови работни места, а истовремено се обезбедуваат услови за одржлив развој. Со рационално искористување на енергетските извори им се овозможува на идните генерации да имаат ресурси за сопствен раст и развој.

Размената на електрична енергија помеѓу балканските електро-енергетски системи (чии земји најчесто се увозници) е многу значаен фактор за натамошниот развој. Електроенергетските системи на балканските земји треба да бидат поврзани со конективни водови кои што нема да преставуваат тесно грло во трансмисијата на потребните количини на електрична моќност. Република Северна Македонија досега има 400 kV конективни водови со Грција (кон Солун и Лерин) и Косово (Косово-Б) и кон Бугарија (Црвена Могила), а во план е градба на вод кон Албанија. Планираната, со Просторниот план на РМ, траса на водот од ТС Скопје 5 кон Србија е сменета и изграден е водот ТС Штип-ТС Србија.

Планскиот опфат на село Витолиште, Општина Прилеп нема конфликт со постојните и планирани преносни и конективни водови. Така постојниот 400 kV вод ТС Битола 2-ТС Дуброво минува на растојание од 2,4 km јужно од селото. Во овој регион се планира изградба на нов 110 kV вод ТС Чебрен-ТС Галиште.

Гасовод

Природниот гас, со сегашната потрошувачка, малку е застапен во енергетскиот сектор во Република Северна Македонија. Со негова зголемена употреба се воведува еколошки поприфатливо гориво кое со својот хемиски состав и висока калорична моќ, претставува одлична замена за нафтата, нејзините деривати, јагленот и другите цврсти и течни горива. Природниот гас испушта помалку штетни материи во однос на другите енергенти, заради што аерозагадувањето е сведено на минимум.

Изградениот крак Жидилово-Скопје е дел од меѓународниот транзитен гасоводен систем Русија-Романија-Бугарија- Република Северна Македонија. Се планира во идниот период доизградба на гасоводната мрежа во Република Северна Македонија и поврзување со мрежите на соседните држави што ќе овозможи зголемување на сигурноста во снабдувањето на сите региони во Република Северна Македонија, но и урамнотежување на потрошувачката во текот на целата година.

При проширувањето и натамошната доизградба на гасоводниот систем се планира да се изгради делница-2: Неготино-Прилеп-Битола со што ќе се овозможат поволни услови за развој на гасоводната мрежа во овој регион. Трасата на гасоводот од делница-2 минува далеку на север од планскиот опфат на селото.

Население

Утврдувањето на концептот на просторната организација, уредувањето и користењето на територијата на Републиката, а во контекст на тоа и стопанската структура, зависи од развојот, структурните промени и просторната дистрибуција на **населението**.

Врз основа на прогноза за бројот, структурата, темпото на растежот, критериумите за разместување и подвижноста, треба да се покаже просторно-временската компонента на остварување на идната организација и уредување преку демографскиот аспект.

Демографските проекции, кои на планирањето му даваат нова димензија, покажуваат или треба да покажат, како во иднина ќе се формира населението, неговиот работен контингент (работна сила) и домаќинствата и како треба да придонесат кон сестрано согледување на идната состојба на населението како производен дел, потрошувач и управувач - креатор.

Тргнувајќи од определбата дека **популациската политика преку систем на мерки и активности** треба да влијае врз природниот прираст, се оценува дека за обезбедување на плански развој и излез од состојбата на неразвиеност се наметнува водењето активна популациска политика во согласност со можностите на социо-економски развој на Републиката. Во овие рамки треба да се води единствена популациска политика со диференциран пристап и мерки по одделни подрачја, со цел да се постигне **оптимализација во користењето на просторот и ресурсите,** хуманизација на условите за семејниот и општествениот живот на населението, намалување на миграциите, како и создавање на услови за порамномерен регионален развој на Републиката.

Според податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите спроведен во 2002 година, во Општина Прилеп на која што припаѓа селото Витолиште регистрирани се вкупно 76.768 жители, додека само во село Витолиште живеат вкупно 170 жители.

Како демографска рамка, населението е значајна категорија која треба да се има во предвид при апроксимацијата на потенцијалните работни ресурси и потенцијалните потрошувачи и корисници на сите видови услуги.

Урбанизација и мрежа на населби

Урбанизацијата како сложен, динамичен процес треба да претставува основна рамка и влијателен фактор во насочувањето на долгорочниот просторен развој на Република Македонија.

Планскиот концепт на **развојот и уредувањето на селските подрачја** претставува значајно, стратешко прашање и интегрален дел на глобалниот концепт на долгорочниот просторен развој на државата. Негова основна определба претставува унапредување на квалитетот на животните услови во руралната средина и намалување на постојната разлика во однос на условите во урбаните средини, преку интегрален-сеопфатен развој на селото.

Концептот на развојот и уредувањето на селските подрачја за основа ги има целите со кои е предвидено:

- Сеопфатен, рамномерно територијално распределен развој на целата територија;
- Интензивирање на функционалните врски во доменот на стопанството и услугите помеѓу соседните центри со координирано, заедничко организирање на активностите;
- Создавање услови за непречено вршење на основните човекови активности (функции), обезбедување висок степен на заштита на животната средина и запазување на принципите на одржлив развој;
- Стимулирање на развојот на основните дејности преку активирање на **локалните потенцијали**, оптимално искористување на природните погодности и осовременување на производството;
- Подобрување на животните услови преку плански насочено уредување на населбите и целосно опремување со елементи на комунална инфраструктура;
- Интегрално планирање на развојот на населените места и организација, уредување и користење на севкупната површина во границите на атарот и
- Обезбедување на целосна интеграција на руралните населби во системот на населбите во функционалните единици.

Просторниот развој на руралните населби, базиран на соодветна планска документација наметнува усогласување на истиот со планските решенија и насоки на Просторниот план на Република Македонија во сите сегменти на развојот, со особен акцент на она што значи стратешки решенија и насоки. Во таа смисла, одредени иницијативи за просторен развој кои се манифестираат со зафаќање на нови простори, проширување на урбаните опфати и регулирање на постојните градежни подрачја треба да се преиспитуваат согласно решенијата од повисок, стратешки интерес за државата. Неопходно е почитување на определбите на Просторниот план во однос на дестимулација на проширување на градежното земјиште од една и поефикасно и порационално искористување на постојната ангажирана површина од друга страна; односно:

- При изработка на урбанистичките планови на населбите, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво во рамките на

постојните урбани опфати, а надвор од овие рамки за исклучително оправдани цели и потреби, на површини од послаби бонитетни класи (над IV категорија);

- Изградбата на викенд населби, стопански зони, земјоделски и други објекти со специфични намени да се насочува кон подрачја кои со планови и програми на општините ќе бидат определени за тие цели;
- Рационално користење на просторот за изградба на инфраструктурните мрежи и системи во единствени коридори дефинирани во плановите и програмите на општините;
- Усогласување на густините на населеност, изграденост и спратност, со принципите на хумано живеење и рационално искористување на просторот и урбаните содржини согласно со сите видови на заштита.

Во рамките на насоките за изработка на планови од пониско ниво кои ги дава просторниот план за населби од ваков тип, треба да се почитува:

- Избор и распоред на активности согласно со природните услови, расположивата работна сила и постојните стопански капацитети;
- Создавање можности за отворање нови работни места во населби и подрачја каде треба да се задржи постојното население и да се насочат миграциите;
- Обезбедување на спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство и се организира и уредува просторот со цел за вкупен развој, а особено во однос на:
  - бесправната градба;
  - стопанисувањето со шумите, земјоделското земјиште, водите и друго;
  - заштита на создаденото и природното богатство;
  - насоките и критериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја треба да се утврдат со помош на стручни основи и упатствата од ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштитата на животната средина.

Домување

Во Просторниот план на Република Македонија, функцијата ***домување*** е детерминирана како една од основните функции во населбите, најголем потрошувач и корисник на просторот, основна содржина на населбите и основен елемент на просторното и урбанистичко планирање. Домувањето општо, а станбената изградба посебно е битна компонента на социјалниот и општествениот развој, организација и уредување на просторот и подигнување на животниот стандард на населението.

Основните цели на домувањето се во функција на оптимална проекција на станбениот простор, а се однесуваат на:

- обезбедување стан за секое домаќинство;
- подобрување на станбениот стандард во поглед на површина, број на соби, градежни карактеристики и комунална опременост на становите;
- изградба на адекватна инфраструктура во функција на поквалитетен стандард на домување;
- асеизмичност во градбата;
- замена на субстандардниот станбен фонд;

- обнова, реконструкција и ревитализација на стариот станбен фонд, заради подобрување на условите за домување и подигање на квалитетот на станбениот фонд;
- организирање на становите како хумано уредени простори со соодветни придружни објекти за деца и возрасни;
- постигнување порамномерна станбена изградба;
- либерализација на станбениот пазар;
- изградба на социјални станови;
- обезбедување поволни финансиски услови за решавање на станбениот проблем, преку одобрување поволни кредитни услови за станбена изградба.

Основна определба во политиката на станбената изградба во **село Витолиште, Општина Прилеп** во планираниот период треба да биде реализација на зацртаните цели на концепцијата на домувањето во зависност од потребите и економските можности.

Порастот на животниот стандард, подобрување на здравствениот стандард и порастот на културата на домувањето доведуваат до постојано зголемување на површината на станот, подобрување на внатрешната организација и распоред, квантитативно и квалитативно подигнување на комуналната опременост на станот. Структурата и физичкиот модел на станбената единица мора да биде во корелација со општествената организација на луѓето кои живеат во станбената единица.

Пропишаните стандарди за потребен и квалитетен станбен простор согласно ППРМ се:

- 20 - 25 m^2/жител станбена површина во зависност од типот на населбата и 40 - 80 m^2/стан (оптимална големина), како и 100 % опременост на станот со инсталации:
- потполно елиминирање, односно замена на субстандардниот станбен фонд.

Јавни функции

Организацијата на јавните функции, согласно планираната мрежа на населби, поаѓа од постојната мрежа на јавните функции во регионот под претпоставка дека идниот развој на истите ќе се развива во согласност со економските, институционалните и други промени во него.

Организирање на мрежата на јавните функции овозможува:

- достапност на функциите до сите граѓани во регионот;
- воедначен квалитет на пружените услуги;
- прилагоденост на програмата на јавните служби на локалните карактеристики како и можност за избор на модалитет и вид на услуга.

Целите за развој на јавните функции по дејности се следни:

Предучилишно образование:

- развој на мрежата институции за предучилишно воспитување и образование детски установи (јасли, комбинирани детски установи и сл.), за поуспешно подготвување на децата за училиште;

- во предучилишни установи треба да бидат опфатени 70 % од децата на предучилишна возраст.

Основно образование:

- организирање на основни училишта во секое населено место или во најблиската населба, со целосна опфатеност на децата од 6 - 15 години;
- изградба на нови и реконструкција на стари училишни објекти во согласност со современите педагошки и хигиенски барања како и обезбедување оптимален училишен простор според современите стандарди и нормативи;
- доколку нема основно училиште во населеното место или во непосредна околина, да се со организира превоз со училишни автобуси.

Здравство:

- порамномерен развој на здравствената служба и подобрување на квалитетот на пружените услуги со подобрување на просторната организација и кадровска екипираност на здравствените служби, за задоволување на потребите на населението.

Социјална заштита:

- порамномерен развој на организациите за социјална заштита и организациите за згрижување и воспитување на децата и нивно поттикнување, од кои дел, во пазарните услови на стопанисување, ќе може да се формираат и како приватни институции согласно потребите на населението;
- за заштита на здравјето на старите лица да се организираат специфични видови на заштита (сместување, исхрана, домашна нега и други лекувања, патронажни посети и сл.).

Култура:

- барање поголеми можности и повисоки форми на културно живеење, во склад со очекуваниот развој и социо-економските трансформации во услови на пазарно стопанисување.

Физичка култура:

- обезбедување на простори, капацитети и објекти од областа на физичката култура и нивна рамномерна и рационална просторна разместеност.
- реновирање, адаптација и доопремување со придружни содржини на постојните објекти за спорт и рекреација.

Во рамките на планирана мрежа на **јавни служби** покрај економските показатели, неопходно е да се вклучат и соодветни показатели на достапноста на услугите за граѓаните, како што се:

- сообраќајна достапност, информатичка достапност (телефон, телефакс и сл.);
- задржување на традиционалните функционални специфичности на населбите во однос на одделни јавни дејности;
- утврдување на обврзувачки стандарди и норми за одделни јавни дејности, со цел да се обезбедат обврзувачки, минимални услови за задоволување на потребите.

Препораката за организација на јавните функции, согласно планираната мрежа на населби, поаѓа од постојната мрежа на јавни функции под претпоставка дека идниот развој на овие функции ќе се развива во согласност со економските, институционални и други промени кои се во тек.

Препораките по дејности се следни:

Образование:

- основно образование (деветолетка) е задолжително за сите населби и доколку неможе да се организира во предметната населба да се организира во населбата од непосредна близина.

Здравствена заштита:

- од примарна здарвствена заштита задолжителна е здравствена станица или мобилна здравствена служба, аптеки како комплементарни служби.

Култура:

- библиотеки (неопходно);
- дом на културата, сценско -уметничка дејност - доколку постои интерес и економска основа за организирање на содржината (во јавен или приватен сектор).

Физичка култура:

- отворени, уредени простори, погодни за организирање на разни спортски активности, опремени со минимални барања за одржување;
- покриени објекти за физичка култура со соодветни санитарни и останати пропратни простории.

Основни нормативи и стандарди кои треба да се почитуваат при предвидување на јавните функции во **село Витолиште, КО Витолиште, Општина Прилеп** се:

Образование:

- за одредување на површината на училишниот објект во основно образование потребно е да се обезбеди минимум 7 m^2 / ученик и минимум 20 m^2 / ученик за површина на парцелата. Радиусот на гравитација на основните училишта е од 1500 – 2500 m. За поголеми растојанија од 2500 m потребно е да се обезбеди организиран превоз со школски автобус или јавен превоз.

Здравство:

- гравитациското подрачје на здравствените станици и мобилната здравствена служба во примарната здравствена заштита да е до 1000 m. Во однос на бројот на лекари потребно е да се обезбедат на 1000 жители просечно 2,17 лекари.

Социјална заштита

- за објектите од социјален карактер наменети за деца без родители и за стари лица се планираат по 3 места на 1000 жители со минимум 15 m^2 на површина на објектот по корисник и минимум 30 m^2 на комплексот по корисник.

Култура:

- за библиотека, на 1.000 жители се предвидува минимум 100 m^2.

Физичка култура:

- за одредување на површината на парцелата за спортски терени потребно е да се обезбедат минимум 2 m^2 по жител.

Индустрија

Развојот и просторната разместеност на индустријата претставува значаен фактор за поттикнување на развојот на вкупната економија и модернизација на другите области од економскиот и општествениот живот. Ефикасното и успешно спроведување на насоките и определбите за поттикнување на развојот на индустриските дејности и нивно рационално разместување во просторот ги детерминираат позитивните промени и во другите сегменти на економијата: пораст на вработеноста, зголемување на бруто домашниот производ, подобрување на животниот стандард и др.

Врз основа на сознанијата и определбите на "Националната стратегија за економски развој на Република Македонија" (МАНУ, 1997), како и врз основа на досегашниот развој, а особено концептот на одржлив развој, основните насоки и стратешки определби на долгорочниот развој на индустријата се следните: технолошко преструктурирање, извозна ориентација на водечките сектори и гранки; **пошироко воведување и развој на еколошки-просторно прифатливо индустриско производство со развој на штедливи технологии (во однос на природните ресурси, енергијата и горивото и работната сила) и (или) малоотпадни (безотпадни) технологии**; зголемување на ефикасноста на производството; почитување на инвестиционите критериуми врз база на континуирано планирање и прифаќање на пазарните критериуми на стопанисување; стратегија на разместеност на индустриските капацитети која ја респектира просторната структура на факторите на разместеноста, рационалниот распоред на материјалните производствени фондови, од аспект на вкупниот простор на Републиката и потребите од комплексен развој на одделни територијални единици; развој на малите претпријатија, заради остварување на концептот на децентрализираниот развој и разместеност на индустријата.

Развојот на индустријата во одделните општини, особено помалите, се очекува да се остварува со градба на мали, флексибилни капацитети и поголема застапеност меѓу другото и на агроиндустрискиот сектор.

Во планскиот период, индустриското производство се очекува да биде застапено во сите општини и да остварува растеж кој ќе придонесе за зголемување на вработувањето и подобрување на условите за живеење на граѓаните на поширокиот простор на земјата.

Доколку со Урбанистичкиот план за селото Витолиште, КО Витолиште, Општина Прилеп со плански опфат од 50,9 ha се предвидат површини со производна намена, потребно е да бидат применети планските определби во областа на развојот на индустријата утврдени со "Просторниот план на Република Македонија" применувајќи ја соодветната законска регулатива.

Концепцијата за развој и разместеност на индустријата утврдена со "Просторниот план на Република Македонија" е поставена врз основа на повеќе цели и плански определби кои треба да се имаат во предвид доколку со

Урбанистичкиот план за селото се предвиди простор за градба на индустриски објекти:

- **вклучување на еколошките преференци во развојот на индустријата и нејзина алокација и разместување;**
- **развојот на индустријата во поголема мера да се потпира врз примената на достигнувањата на науката и на техничко-технолошкиот прогрес и иновации во технолошките процеси;**
- **технолошко преструктурирање, во склад со барањата за модернизација и реконструкција на индустријата;**
- **стратегија на развој на високите технологии усогласени со концепцијата на одржливиот развој: мала суровинска и енергетска интензивност, висока информативна и научна интензивност, високо учество на стручната работна сила, висока фрагментација на пазарот со специфични барања, високи вложувања во предконкурентни истражувања и сеопфатно влијание врз карактеристиките на голем број сегменти на социо-економскиот систем.**

Индустријата која е двигател на развојот на вкупната економија има значајно влијание врз квалитетот на животната средина. Во услови на усвоената развојна парадигма на "одржлив" развој, напорите треба да се насочат кон суштествени промени во стратегијата и политиката за развој и просторна алокација на индустриски гранки засновани на принципите на еколошка заштита. Според филозофијата на одржлив развој, економскиот односно индустрискиот развој и заштитата на животната средина прават единствен систем. Одржливиот развој претставува алтернатива за загрозените природни и создадени вредности и за создавање на хумано општество и окружување. Разрешувањето на конфликтите во овој систем треба да почива на интеракција на релацијата простор и социо-економската компоненета на развојот.

Сообраќај и врски

Комуникациската мрежа на Република Северна Македонија, сочинета од повеќе комуникациски потсистеми, е етаблирана преку системот за сообраќај и врски врз чија основа, помеѓу другото, се темели и организацијата на просторот на државата. Комуникациските системи во Република Северна Македонија, кои се од особено значење за развојот на стопанските активности, се очекува да се подобруваат, унапредуваат и да се развиваат во две насоки на развој на комуникациите:

- екстерното поврзување на државата (стратешки коридори);
- интерното поврзување во државата (регионални и локални потреби).

Основа за *екстерното поврзување* на државата се дефинираните комуникациски коридори согласно меѓународните конвенции и препораки, што воедно се и основа за ориентација кон европските и балканските определби за економски и технолошки комуникации, што е од особено значење за извозот.

Основата за *интерното поврзување* во државата односно планирање и развој на патната мрежа на РС Македонија се базира на категоризација на патиштата, на стратешки дефинирани меѓународни коридори за патен сообраќај, на досега изградената европска патна мрежа-ТЕМ со "Е" ознака на

патиштата, на досега изградената магистрална и регионална патна мрежа, како и на определбите од долгорочната стратегија за развој.

Мрежата на патишта "Е" ознака што ги дефинира меѓународните коридори за патен сообраќај низ Републиката се: **Е-65, Е-75, Е-850, Е-871**.

Според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.) автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:

- **М-5** - (Крстосница Подмоље-Охрид-Ресен-Битола-Прилеп-Велес-Бабуна-крстосница Отовица-Штип-Кочани-Делчево-БГ-Звегор), со (Крак Битола-крстосница Кукуречани-ГР-Меџитлија).

Врз основа на **Одлуката за категоризација на државните патишта** („Службен весник на Република Македонија" број 133/11, 150/11 и 20/12) овој магистрален патен правец се преименува со ознаката:

- **А3** - (Крстосница Требениште-врска со А-2-крстосница Подмоље-Охрид-Косел-Ресен-Битола-Прилеп-Велес-Штип-Кочани-Делчево-граница со Бугарија-граничен премин Рамна Нива), делница Битола-крстосница Кукуречани-граница со Грција-граничен премин Меџитлија-делница Косел-врска со А-3-Охрид-граница со Албанија-граничен премин Љубаниште).

Во идната патна мрежа на Републиката, основните патни коридори ќе ги следат веќе традиционалните правци во насока север-југ (коридор 10), односно исток-запад (коридор 8), што се вкрстосуваат во просторот помеѓу градовите: Скопје, Куманово и Велес. На тој начин дел од магистралните патишта во Република Северна Македонија ќе формираат три основни патни коридори, што треба да се изградат со технички и експлоатациони карактеристики компатибилни со системот на европските автопатишта (ТЕМ):

- север-југ: М-1 (Србија - Куманово - Велес - Гевгелија - Грција);
- исток-запад: М-2 и М-4 (Бугарија-Крива Паланка-Куманово-Скопје-Тетово-Струга-Албанија и крак Скопје - Србија);
- исток-запад: М-5 (Бугарија - Делчево - Кочани - Штип - Велес -Прилеп - Битола - Ресен - Охрид- Требеништа- М4 (крак Битола -граница со Грција).

На автопатската и магистралната патна мрежа се надоврзуваат ***регионалните патишта***, што заедно со локалните категоризирани патишта ќе ја сочинуваат патната мрежа на Република Северна Македонија. Релевантниот регионален патен правец за предметната локација според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.) влегува во групата на **регионални патишта "Р1"** и е со ознака:

- **Р1107** - (Градско-врска со А1-Росоман-Кавадарци-Мушов Гроб-Витолиште-Лагово-врска со А3 и делница Мајдан-гр.со Р.Грција).

Динамиката за реализација на мрежата, што ќе овозможи целосно опслужување на Република Северна Македонија, ќе биде во функција на сообраќајните потреби (очекуваниот обем на сообраќајот), потребите за интеграција во европскиот патен систем, како и економската моќ на државата, а трасите на меѓународните и магистралните патишта, задолжително ќе поминуваат надвор од населените места и се предлага да се решаваат со денивелирано вкрстосување со останатата патна мрежа.

При планирање да се почитува Законот за јавни патишта („Службен весник на Република Македонија" број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11,

44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16).

Железнички сообраќај: Концепцијата за развој на **железничкиот систем** базира на потребата за модернизација и проширување на железницата во целина, како и поврзување на железничката мрежа на Република Северна Македонија со соодветните мрежи на Република Бугарија и Република Албанија.

Железничката мрежа на Република Северна Македонија, во планскиот период, треба да ја сочинуваат: магистрални железнички линии од меѓународен карактер, регионални линии и локални линии.

1. Магистрални железнички линии од меѓународен карактер:
   - СР- Табановце-Скопје-Гевгелија-ГР ..... 213,5 km
   - СР - Блаце-Скопје..... 31,7 km
   - СР -Кременица-Битола-Велес..... 145,6 km
   - БГ -Крива Паланка-Куманово ..... 84,7 km
   - АЛ-Струга-Кичево-Скопје ..... 143,0 km

Покрај постојните врски Табановце и Блаце на север, односно Гевгелија и Кременица на југ, ќе се изврши и соодветно поврзување на исток кон Република Бугарија, односно на запад кон Република Албанија, со што ќе се овозможи целосно интегрирање на македонскиот железнички систем со соодветните системи на соседните држави.

Во планскиот период до 2020 год. меѓудругото се очекува развој на интегралниот транспорт, односно техничко-технолошкото доопремување на Македонските железници за извршување на задачите и за вклучување во меѓународниот сообраќај, што е во согласност со стратегијата на развојот на железничкиот сообраќај и со реалните можности на Република Северна Македонија.

Воздушен сообраќај: Воздушните патишта во Република Северна Македонија се интегрален дел од европската мрежа на воздушни коридори со ширина од 10 наутички милји во кои контролирано се одвиваат прелетите над територијата на државата.

Примарната аеродромска мрежа во Република Северна Македонија треба да ја сочинуваат вкупно 4 аеродроми за јавен воздушен сообраќај, и тоа во Скопје, Охрид, Струмица и Битола. Аеродромот во Скопје е оспособен за прием и опрема на интерконтинентални авиони, аеродромот во Охрид е реконструиран во повисока-II категорија, а новите аеродроми што се предвидуваат во Струмица и Битола се предвидени да бидат со доминантна намена за карго транспорт на стоки.

Секундарната аеродромска мрежа се предлага да ја сочинуваат сегашните 5 реконструирани и технички доопремени спортски аеродроми и вкупно 15 аеродроми за стопанска авијација, од кои 7 нови. Покрај тоа треба да се уредат и околу 20 терени за дополнителен развој на воздухопловниот спорт и туризам во согласност со меѓународните прописи за ваков вид на аеродроми.

Радиокомуникациска мрежа и антенски системи

Радиокомуникациска мрежа е јавна електронска комуникациска мрежа со која се обезбедува емитување, пренос или прием на знаци, сигнали, текст, слики и звуци или други содржини од каква било природа преку радиобранови.

Основни елементи на примопредавателниот систем се: антените, антенските столбови, водови, засилувачи и друго.

Јавните електронски комуникациски мрежи треба да се планираат, поставуваат, градат, употребуваат и слично под услови утврдени со Законот за електронските комуникации, прописите донесени врз основа на него, прописите за просторно и урбанистичко планирање и градење, прописите за заштита на животната средина, нормативите, прописите и техничките спецификации содржани во препораките на Европската Унија.

Изложеноста на јавноста на нејонизирачко електромагнетно зрачење со пуштањето во работа на антенски систем не треба да ги надминува вредностите пропишани со Упатството за гранични вредности при изложеност на нејонизирачко зрачење издадено од Меѓународна комисија за заштита од нејонизирачко зрачење (ICNIRP–International Commission on Non-Ionizig Radiation Protection). Агенцијата за електронски комуникации врши контрола со мерење на нејонизирачкото електромагнетно зрачење, со цел да ја утврди усогласеноста на антенските системи со граничните вредности.

Оператори на мобилната телефонија во Република Северна Македонија се: М-Телеком, А1, Телекабел и Лајкамобајл. Тие во своите секојдневни развојни активности вршат:

- Квалитетно мрежно покривање со мобилен сигнал на:
  - региони, општини, населени места,
  - подрачја од јавен интерес (културно-историски, спортски, стопански, индустриски, погранични зони и др.),
  - сообраќајна и транспортна инфраструктура.
- Подготовка на проекти за развој на мрежата согласно постоечката инфраструктура на теренот.
- Усогласување на развојните планови со одделни институции на државата (министерства, управи и сл.).

Целиот овој регион е покриен со сигнал на мобилна телефонија на мобилните оператори.

Кабелска електронска комуникациска мрежа

Кабелска електронска комуникациска мрежа се користи за дистрибуција на јавни електронски комуникациски услуги до крајниот корисник. Пристапниот дел на мрежата е изграден од кабли (од бакарни парици, коаксијални, хибридни коаксијално-оптички и/или оптички) и придружни дистрибутивни и изводни точки: канали, цевки, кабелски окна/шахти, надворешни ормари и др.

Јавната кабелска електронска комуникациска мрежа и придружните средства треба да се планираат, проектираат, поставуваат и градат на начин кој нема да ја попречува работата на другите електронски комуникациски мрежи и придружни средства, како ни обезбедувањето на другите електронски комуникациски услуги.

Изградбата на јавните електронски комуникациски мрежи и придружни средства треба да се обезбеди:

- заштита на човековото здравје и безбедност,
- заштита на работната и животната средина,
- заштита на просторот од непотребни интервенции,
- заштита на инфраструктурата на изградените јавни електронски комуникациски мрежи,
- унапредување на развојот и поттикнување на инвестиции во јавните електронски комуникациски мрежи со воведување на нови технологии и

услуги, а особено со воведување на следни генерации на јавни електронски комуникациски мрежи.

АД „Македонски Телекомуникации“ и останатите оператори за своите корисници обезбедуваат широк опсег на услуги како што се: говорни услуги (вклучувајќи услуги со додадена вредност), услуги за пренос на податоци, пристап до Интернет, мобилни комуникациони услуги, јавни говорници и др. Комуникациските услуги се обезбедуваат врз основа на добро воспоставената електронска комуникациска мрежа со примена на најсовремени технологии.

Телефонските корисници во ова подрачје во електронско комуникацискиот сообраќај приклучени се преку телефонската централа во Прилеп.

Операторите на јавна кабелска електронска комуникациска мрежа до крајот на 2020 година треба да обезбедат можност за широкопојасен пристап до услуги (broadband) со големи брзини на: 100% од домаќинствата покриени со мрежата на операторот со можност за пристап до јавната комуникациска мрежа со брзина на пренос од 30 Mbps и најмалку 50% од домаќинствата покриени со мрежата на операторот со можност за пристап до јавната комуникациска мрежа со брзина на пренос од 100 Mbps.

За потребите на новите градби, изградената електронска комуникациска инфраструктура за пренос со големи брзини треба да им овозможи на сите корисници слободен избор на оператор, а на сите оператори пристап до градбите под еднакви и недискриминаторски услови.

Заштита на животната средина

Анализата на влијанијата врз животната средина, како превентива, има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и да направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина. За разлика од “пасивниот” пристап, со кој се применуваат заштитни мерки по настанатиот проблем, што претставува финансиско оптоварување на производителите, давачите на услуги и општеството во целост, превентивната заштита на животната средина се трансформира во елемент на развој и појдовна основа за глобалното управување со животната средина засновано на принципите на **одржливиот развој**. Одржувањето на континуитет во следењето на состојбите во медиумите и областите на животната средина, дава претстава за трендот на промени кои настанале во текот на подолг временски период на анализираното подрачје, како основа за планирање и предвидување на промените кои би можело да се очекуваат во животната средина во временската рамка на која се однесува планскиот документ.

Со изработка на Урбанистичкиот план село Витолиште, КО Витолиште, Општина Прилеп и имплементација на параметрите за уредување на просторот ќе се обезбеди:

- Рационално и ефикасно користење на градежното земјиште и поефикасно искористување на постојната ангажирана површина, како и површината на предвиденото проширување;
- Ефикасно сообраќајно поврзување, планско уредување и екипирање на населбата со комунална инфраструктура и неопходните функционални содржини;
- Стимулација на населението за траен опстанок во матичната средина преку целосна афирмација на најбитните аспекти на живеењето и стопанисувањето и се создава неопходна социјална и економска сигурност;

- Се запазуваат и афирмираат културните и природните посебности и вредности и се запазува квалитетот на животната средина во селските подрачја.

Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката на Урбанистички план за село Витолиште, КО Витолиште, Општина Прилеп, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

Мерки за заштита на животната средина кои треба да се преземат со цел да се обезбеди одржлив развој на анализираното подрачје со минимално негативно влијание врз медиумите и областите во животната средина:

- Потенцијалната ерозија на земјиштето треба да се спречи со што е можно побрзо завршување на земјените активности, покривање на околниот терен со вегетација и оградувања на нагибите;
- Да се уредат зелените површини во границите на планскиот опфат, со видови (автохтони) со висок биоакумулативен капацитет за евентуално присутните загадувачки материи во воздухот и почвата;
- Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии;
- Да се контролира квалитетот на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со пропишаните гранични вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот;
- Да се предвидат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води и имплементација на технологии кои ќе овозможат нивно повторно искористување за истата или друга намена;
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина;
- Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина;
- Да се изведуваат енергетски ефикасни објекти и да се применуваат најдобри достапни технологии во процесот на производство.

Заштита на природното наследство

Од областа на **заштита на природата** *(природното наследство, природните реткости и биолошката и пределската разновидност)*, Урбанистичкиот план за село треба да се усогласи со Просторниот план на Република Македонија на тој начин што, врз основа на режимот за заштита, ќе се организира распоред на активности и изградба на објекти кои ќе се усогласат со барањата кои ги поставува одржливото користење на природата и современиот третман на заштитата.

Особено внимание при заштитата на природата, треба да се посвети на начинот, видот и обемот на изградбата што се предвидува во заштитените

простори за да се одбегнат или да се надминат судирите и колизиите со инкомпатибилните функции. За таа цел е неопходно почитување на следните принципи:

- Оптимална заштита на просторите со исклучителна вредност;
- Зачувување и обновување на постојната биолошка и пределска разновидност во состојба на природна рамнотежа;
- Обезбедување на одржливо користење на природното наследство во интерес на сегашниот и идниот развој, без значително оштетување на деловите на природата и со што помали нарушувања на природната рамнотежа;
- Спречување на штетните активности на физички и правни лица и нарушувања во природата како последица на технолошкиот развој и извршување на дејности, односно обезбедување на што поповолни услови за заштита и развој на природата;
- Рационална изградба на инфраструктурата;
- Концентрација и ограничување на изградбата;
- Правилен избор на соодветна локација.

Според Законот за заштита на природата (Службен весник на РМ, број.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12,13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18) и Законот за животната средина (Службен весник на РМ, број.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) потребно е внесување на мерки за заштита на природата при планирањето и уредувањето на просторот кои треба строго да се почитуваат.

Преземањето на мерки за непосредна заштита на постојните и новопроектираните објекти во состав на контактната зона се врши врз основа на конзерваторско мислење издадено од надлежната установа за заштита на културното наследство.

Висина на венец: постојна

Број на катови: П

3.2.8. За сите наменски зони со класа на намена **Г** – Производство, дистрибуција и сервиси (Г2-Лесна и незагадувачка индустрија, не се предвидуваат компатибилни класи на намена и се задржува постојна катност и висина

Дел од градежните парцели се наоѓаат во зона на ограничена гарантирана заштита-режим на заштита од 2 степен, а дел од Градежните парцели се наоѓаат во режим на заштита 3 степен

Градежните парцели се наоѓа во археолошки локалитет Св.Хараламиј и режим на заштита 3 степен

Задолжително да се почитуваат одредби дадени во Заштитно конзерваторските основи.

За локалитетот “Св. Хараламиј”-режин на заштита од 2 степен и режим на заштита 3 степен

3.2.9. За наменската зона со основна класа на намена **Д4** – Меморијални простори (Гробишта), одредени се следниве компатибилни класи на намена:
- **В5** – Верски институции, со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од 40%,

Максимално дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена е 40%.

За наменските зони со основна класа на намена **Д2** – Заштитно зеленило, **Е1** – Комунална инфраструктура (Сообраќајни коридори),) и **Е2** – Комунална супраструктура (Трафостаница) **Е3** – Некомпатибилна инфраструктура (Прочестителна станица), не се планираат компатибилни класи на намена во однос на основната класа на намена.

Заради флексибилност на планот, одредени се и компатибилни класи на намени, во однос на основната класа на намена, со одреден максимален процент на учество во однос на основната класа на намена, а во согласност со одредбите на Правилникот за стандарди и нормативи за

урбанистичко планирање („Службен весник на РМ", број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

Компатибилните класи на намена и максималниот дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена се наведени во табеларните прикази, како и во посебните услови на Урбанистичкиот план за село, за секоја градежна парцела поединечно.

Овој систем на основни класи на намени и компатибилни класи на намени се спроведува при реализација, при изработка на основни проекти во случаите кога градежна парцела претставува катастарската парцела, но и во случаите кога се формираат градежни парцели и површини за градење со изработка на архитектонско – урбанистички проекти.

За сите наменски зони со основна класа на намена **А1** – Домување во станбени куќи, при реализација, односно при изработка основни проекти кога катастарската парцела претставува градежна парцела и при изработка на архитектонско – урбанистички проекти со кои се дефинираат градежни парцели, дозволени се следниве урбанистички параметри:

- максимален процент на изграденост е 70%,
- максимален коефициент на искористеност е 2,80,
- максимална височина до хоризонталниот венец на градбите изнесува 10,20m и
- максимална катност на градбите е П+2

За наменската зона со основна класа на намена **В1** – Образование и наука (Основно училиште), при реализација, односно при изработка основни проекти кога катастарската парцела претставува градежна парцела, дозволени се следниве урбанистички параметри:

-се задржува постојна катност и висина

Градежната парцела се наоѓаат во зона на ограничена гарантирана заштита-режим на заштита од 2 степен-Археолошки локалитет-Св.Харлампиј

Задолжително да се почитуваат одредби дадени во Заштитно конзерваторските основи.

За наменската зона со основна класа на намена **В2** – Здравство и социјална заштита (Амбуланта), при реализација, односно при изработка основни проекти кога катастарската парцела претставува градежна парцела, дозволени се следниве урбанистички параметри:

-се задржува постојна катност и висина

Градежната парцела се наоѓаат во контактна зона-режим на заштита од 3 степен

Задолжително да се почитуваат одредби дадени во Заштитно конзерваторските основи.

За наменската зона со основна класа на намена **В3** – Култура, при реализација, односно при изработка основни проекти кога катастарската парцела претставува градежна парцела, дозволени се следниве урбанистички параметри:

-се задржува постојна катност и висина

Градежната парцела се наоѓаат во руралната споменичката целина село Витолиште со контактната зона се предлага – **Зона на ограничена (гарантирана) заштита-** режим на заштита од 2 степен

Задолжително да се почитуваат одредби дадени во Заштитно конзерваторските основи.

За наменската зона со основна класа на намена **В4** –Државни институции (Полициска станица) при реализација, односно при изработка основни проекти кога катастарската парцела претставува градежна парцела, дозволени се следниве урбанистички параметри:

-се задржува постојна катност и висина

Градежната парцела се наоѓаат во контактна зона-режим на заштита од 3 степен

Задолжително да се почитуваат одредби дадени во Заштитно конзерваторските основи.

За наменската зона со основна класа на намена **В4** –Државни институции (Пошта) при реализација, односно при изработка основни проекти кога катастарската парцела претставува градежна парцела, дозволени се следниве урбанистички параметри:

-се задржува постојна катност и висина

Градежната парцела се наоѓаат во контактна зона-режим на заштита од 3 степен

Задолжително да се почитуваат одредби дадени во Заштитно конзерваторските основи.

За наменската зона со основна класа на намена **В5** – Верски институции, при реализација, односно при изработка основни проекти кога катастарската парцела претставува градежна парцела, дозволени се следниве урбанистички параметри:

-се задржува постојна катност и висина

Градежните парцела се наоѓаат во руралната споменичката целина село Витолиште со контактната зона се предлага – **Зона на ограничена (гарантирана) заштита-** режим на заштита од 2 степен и во
Археолошки локалитет-Св.Хараламиј-зона на ограничена гарантирана заштита-режим на заштита 2 степен

Задолжително да се почитуваат одредби дадени во Заштитно конзерваторските основи.

За наменската зона со основна класа на намена **Г2** – Лесна и незагадувачка индустријапри реализација, односно при изработка основни проекти кога катастарската парцела претставува градежна парцела, дозволени се следниве урбанистички параметри:

се задржува постојна катност и висина

Градежните парцела се наоѓаат во
Археолошки локалитет-Св.Харалампиј-зона на ограничена гарантирана заштита-режим на заштита 2 степен и во контактна зона -режим на заштита 3 степен

Задолжително да се почитуваат одредби дадени во Заштитно конзерваторските основи.

За наменската зона со основна класа на намена **Д4** – Меморијални простори (Гробишта), при реализација, односно при изработка основни проекти кога катастарската парцела претставува градежна парцела и при изработка на архитектонско – урбанистички проекти со кои се дефинираат градежни парцели, дозволени се следниве урбанистички параметри:

- максимален процент на изграденост е 70%,
- максимален коефициент на искористеност е 1,40,
- максимална височина до хоризонталниот венец на градбите изнесува 8,00m и
- максимална катност на градбите е П+1.

За сите наменски зони со основна класа на намена **Е2** – Комунална супраструктура (Трафостаница), при реализација, односно при изработка основни проекти кога катастарската парцела претставува градежна парцела и при изработка на архитектонско – урбанистички проекти со кои се дефинираат градежни парцели, дозволени се следниве урбанистички параметри:

- максимален процент на изграденост е 100%,
- максимален коефициент на искористеност е 1,00,
- максимална височина до хоризонталниот венец на градбите изнесува 4,50m и
- максимална катност на градбите е П.

За сите наменски зони со основна класа на намена **Е3** – Некомпатибилна инфраструктура (Прочестителна станица), при реализација, односно при изработка основни проекти кога катастарската парцела претставува градежна парцела и при изработка на архитектонско – урбанистички проекти со кои се дефинираат градежни парцели, дозволени се следниве урбанистички параметри:

- максимален процент на изграденост е 70%,
- максимален коефициент на искористеност е 1,00,
- максимална височина до хоризонталниот венец на градбите изнесува 4,50m и
- максимална катност на градбите е П.

Процентот на озеленетост во рамките на парцелите потребно е да изнесува **минимум 20%.**

Котата на приземната плоча ќе се одреди во понатамошните фази на разработка, при изработка на архитектонско – урбанистички проекти и / или основни проекти за градбите, почитувајќи ги одредбите на Член 42 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

3.3. СООБРАЌАЈНО РЕШЕНИЕ

Сообраќајниот концепт за локалитетот кој е предмет на изработка на овој Урбанистички план за село е поставен врз основа на постојната состојба и програмските проекции зададени од Општина Прилеп.

Планираниот сообраќаен концепт во однос на сообраќајното решение е усогласено со важечката законска регулатива и со постојната сообраќајна мрежа, со оглед на тоа што во рамките на локалитетот има разгранета сообраќајна мрежа, претежно со неасфалтирани улици со неадекватен сообраќаен профил и истите се усогласени со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) и дооформени со цел да се обезбени пристап до градежните парцели и е водено сметка да не се рушат објекти кои се во приватна сопственост. Планираната сообраќајна мрежа е усогласена со законската регулатива.

Местополпжбата на с. Витолиште е на југо источниот дел од Прилеп на 44,5 км, а пристапот е преку Регионалниот асфалтен пат Р 1107, кој продолжува низ Мариово и се движи кон исток, а потоа и кон северо исток и продплжува се до Кавадарци.
Овој Регионален пат Р 1107 започнува од запад и се надоврзува на Магистралниот патен правец М5 (Прилеп – Битола) и на Р 1101 (Прилеп - Битола), а преку нив со останатите

градови и населени места во РМ.

Во рамките на локалитетот има разгранета сообраќајна мрежа, претежно со неасфалтирани улици со неадекватен сообраќаен профил. Во планската документација се предвидуваат сообраќајни профили усогласени со важечката планска документација.

Како би се обезбедило непречено одвивање на сообраќајот и сообраќаен пристап до парцелите, со овој урбанистички план за село се планираат станбени улици, пристапни улици, интегрирани сообраќајни улици, пешачки улици и тоа:



Дополнително, планирани се пешачки патеки. Пешачките патеки се планирани единствено за движење на пешаци и во исклучителни случаи за движење на интервентни возила. Од пешачките патеки и улици не е дозволен колски пристап до градежните парцели.

Вкупната површина на опфатот изнесува 50,75 ha, од која 4,56 ha се јавни сообраќајни површини или 8,99 %.

Комплетна сообраќајна сигнализација на уличната мрежа, како вертикална и хоризонтална, треба да се изведе согласно прописите од областа на сообраќајот.

Во однос на решавањето на проблемот на стационарниот сообраќај за сите класи на намени, потребите за паркирање ќе се решаваат во рамките на сопствената парцела, како услов за

градење при издавање на одобрение за градење, согласно Член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

Пресметката за обезбедување на доволен број на паркинг места се утврдува според следните нормативи:

А1 – Домување во станбени куќи:

- За станбени куќи по едно паркинг место на една станбена единица.

Б1 – Мали комерцијални и деловни намени:

- За продавници, дуќани и сл.: 1 паркинг место на секои 60m² од вкупно изградената површина.

В1 – Образование и наука) (Основно училиште- новопланирана површина за основно училиште) :

- За основно и средно образование: 1 паркинг место на секои 100m² од вкупно изградената површина,

В2 – Здравство и социјална заштита (Амуланта):

- За здравствени установи 1 паркинг место на секои 60m² од вкупно изградената површина.

В2 – Здравство и социјална заштита (Детска градинка):

- За социјални установи и детски градинки 1 паркинг место на секои 120m² од вкупно изградената површина.

В3 – Култура (Дом на култура):

- Потребниот број на паркинг места се утврдува со проектна документација во зависност од потребите на градбата и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена и програмските барања.

В4 – Државни институции (Полициска станица, Пошта):

- 1 паркинг место на секои 80 m² од вкупно изградената површина.

В5 – Верски институции:

- Потребниот број на паркинг места се утврдува со проектна документација во зависност од потребите на градбата и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена и програмските барања.

Г2 – Лесна и незагадувачка индустријапри реализација :

- Потребниот број на паркинг места се утврдува со проектна документација во зависност од потребите на градбата и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена и програмските барања.

Д1 – Парковско зеленило:

- Потребниот број на паркинг места се утврдува со проектна документација во зависност од потребите на градбата и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена и програмските барања.

Д2 – Заштитно зеленило:

- Не се предвидува паркинг место за оваа намена

Д4 – Меморијални простори (Гробишта):

- Потребниот број на паркинг места се утврдува со проектна документација во зависност од потребите на градбата и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена и програмските барања.

Рампите за пристап до паркиралиштата и гаражите да се проектираат согласно член 76, 77, 78, 79 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ", број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18)

Димензионирањето на групните паркиралишта во градежните парцели и градбите се врши на тој начин што на вкупниот број паркинг места се планираат минимум 3% паркинг места за инвалиди. На паркиралишта со помалку од 20 места се предвидува минимум едно паркинг место за инвалиди.Паркинг местото за лица со инвалидност е со минимални димензии 3,50/5,50 и се лоцира и видно се обележува најблиску до влезот на градбата и до пешачка површина. Паркинг местата за инвалиди да се димензионираат согласно Член 38 од Правилникот за начинот на обезбедување на непречен пристап, движење, престој и работа на лицата со инвалидност до и во градбите (Службен весник на Република Македонија, број 25/10).

Паркирањето првенствено да се реши во рамки на сопствена парцела со почитување на потребен број паркинг места како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба. Потребниот број на паркинг места ќе се определи согласно согласно член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ", број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18)

3.4. НИВЕЛМАНСКО РЕШЕНИЕ

Со изработка на урбанистичкиот план за село, пристапено е кон изработка на нивелациско решение за истиот локалитет. Предмет на изработка на нивелманското решение е изработка на вертикално решение на пристапните сообраќајници.

Појдовна основа за изработка на вертикалното решение е постојната нивелета и постојниот терен на локалитетот.

Во најголема мерка се почитува природниот пад на теренот. Сепак, бидејќи на делови од опфатот се работи за исклучително рамен терен, нивелетскотото решение предвидува извесни отстапувања од постојната нивелета, како би се обезбедил минимален пад од 0,3%.

Подолжните наклони на сите сообраќајници се движат во границите на дозволените, со вредности до 12,00%.

3.5. ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКА И ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА

Во постојна состојба, во рамките на планскиот опфат има изведено 1 постојна трафостаница.. До трафостаниците има воздушни среднонапонски далноводи, а во внатрешноста на планскиот опфат има нисконапонски надемни водови и ниско напонски столбови.

Со изработка на урбанистички план за локалитетот, изработено е идејно решение за потребен број на новопредвидени трафостаници 10/0,4kV.

Вкупната површина на опфатот изнесува 50,72 ha.

За земјиштето со намена домување, електричната мрежа и потребата од едновремена ел. снага се димензионира според следните електроенергетски параметри:

$P_{en1} = f_n \times P_e \times n$

$$f_n = f\sim + \frac{1-f\sim}{\sqrt{n}}$$

каде P_{en1} - вкупна едновремена ел. снага за „n" станови
P_e - едновремена ел. снага за просечен стан Pe' = 13kW
$f\sim$ - фактор на едновременост, за бесконечен број на станови f~=0,15
f_n - коефициент на едновременост за „n" станови
n - број на станови, n=1059

$$f_n = f\sim + \frac{1-f\sim}{\sqrt{n}} = 0,15 + \frac{1-0,15}{\sqrt{1059}} = 0,17612$$

$P_{en1} = f_n \times P_e \times n = 0,17612 \times 13 \times 1059 = 2424,64$ kW

За предвидените административно – деловни функции едновремената ел. снага за новопредвидените објекти се димензионира според следните електроенергетски параметри со напомена дека се предвидени максимални површини за градба и тоа претставува максимален капацитет на просторот во моментот:

- за деловно – административни функции 0,08kW/m²

За овие површини се претпоставува 50% изграденост и коефициент на искористеност 1,00. Оттука, вкупната потенцијална бруто развиена површина на можните градби во наменските зони Б1 – Мали комерцијални и деловни намени, Б2 – Големи трговски единици, В1 – Образование и наука (Основно образование), В4 – Државни институции и В5 – Верски институции (Црква) изнесува 16032m².

Едновремената ел. снага за нив изнесува P_{en2} = 335.2kW.

Вкупната едновремената ел. снага изнесува: $P_{en} = P_{en1} + P_{en2} = 2424,64 + 335.2 = 2759,84$ kW

Бројот на трафостаници се одредува за ТС опрема со енергетски маслен трансформатор од 630kVA и лоцирани во тежиштето на конзумот.

$$\eta_{tr} = \frac{\Sigma P_{en}}{S_{tr}} = \frac{2759,84}{630 \times 0,75} = 5 = 5 \text{ трафостаници}$$

Во постојна состојба,во рамките на планскиот опфат има изведена 1 трафостаница, која се задржува и се вклопуваат во планското решение на овој Урбанистички план за село.

Минимално потребни 5 трафостаници, поради рамномерна распределба на земјиштето кое треба да го опслужуваат и поради претпоставената поголема потрошувачка во зоните со деловни и јавни функции, во опфатот се планирани вкупно 5 трафостаници, односно 5 наменски зони со основна класа на намена Е2 – Комунална супраструктура (Трафостаница).

Доколку има зголемена потреба од електроенергетска потрошувачка во класите на намена со јавнии нституции може да се постават трафостаници во рамки на нивните градежни парцели или објекти во согласност со надлежната институција ЕВН.

Кабловското напојување со среднонапонска и нисконапонска ел. мрежа ќе се определи и ќе се развива во понатамошниот тек на разработка на техничката документација, односно со изработка на проекти за инфраструктура, урбанистички проекти и идејни и основни проекти за електрична мрежа.

УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

Сообраќајници во локалитетот по поглед на светлотехничките параметри се класифицираат во следните класи:

- класа „В-2”, споредни, локални
- класа „В”, паркинг простори

За овие класи на сообраќајници се препорачуваат следните светлотехнички параметри.

„В-2“ (С)

- сјајност на коловозот L_m=1-1,5cd/m²
- средна погонска осветленост E_{sr} = 15-25Lx
- просечна рамномерност jr = 40%
- висина на монтажа на светилките H=8m
- светлосен извор VTFE-250W
- начин на поставување едноредeн

„В“ - паркинг простори

- средна погонска осветленост E_{yg} = 10-20Eh
- просечна рамномерност jr = 25%
- висина на монтажа на светилките N= 8(10) (m)
- светлосен извор VTFE - 250W

начин на поставување двореден (едноредeн).

ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА

Македонски телеком АД Скопје за своите корисници обезбедува широк опсег на услуги како што се: говорни услуги (вклучувајќи услуги со додадена вредност), услуги за пренос на податоци, пристап до Интернет, мобилни телекомуникациски услуги, јавни говорници. Комуникациските услуги се обезбедуваат врз основа на добро воспоставената комуникациска мрежа со примена на најсовремени технологии.

Корисниците од ова подрачје во телекомуникацискиот сообраќај се приклучени преку телефонската централа во Прилеп.

Мобилна телефонија- Кориснички компании за мобилна телефонија во Македонија се Македонски телеком, Телекабел и А1. Тие во своите секојдневни развојни активности вршат:

- Квалитетно мрежно покривање со мобилен сигнал на:
  - региони, општини, населени места,
  - подрачја од јавен интерес (културно - историски, спортски, стопански, индустриски, погранични зони и др.)
  - сообраќајна и транспортна инфраструктура
- Изготвување на проекти за развој на ГСМ мрежата согласно постојната инфраструктура на теренот
- Усогласување на развојните планови со одделни институции на државата (министерства, управи и сл.).

Целиот овој регион е покриен со сигнал на двете компании за мобилна телефонија во РМ.

За дефинирање на потребниот број на телефонски приклучоци, од првостепено значење е намената на објектот. Димензионирањето на телефонската мрежа треба да се изведе според принципот стан - телефон и за јавните функции бројот на телефонски приклучоци треба да се врши според нивната големина, бројот на вработени, нивната функција и слични критериуми.

Во планскиот опфат има делумно изведена телефонска мрежа. Поврзувањето на телефонски потрошувачи ќе се изведе во склад со развојните програми на Македонски телеком АД Скопје.

Уличните ормари ќе се поставуваат на површините од тротоарите и истите се со димензии од 1,0×0,5m. Бројот на уличните ормари, како и нивната точна диспозиција ќе се утврдат во понатамошните фази, во склад со реалните потреби и развојните програми на Македонски телеком АД Скопје.

3.6. ХИДРОТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

ВОДОСНАБДУВАЊЕ

Јавно комунално претпријатие Водовод и Канализација Прилеп - За постојната инфраструктура е доставено барање до општина Прилеп и до Јавно Комунално претпријатие Водовод и канализација-Прилеп, по што се добиени информации дека непоседуваат никакви релевантни податоци и информации за планскиот опфат.

Во однос на постојна фекална и атмосферска канализација нема доставени никакви податоци за постојна инфраструктура.

Низ селото нема изведена разгранета водоводна мрежа.

Во рамките на планскиот опфат доминантна е основната класа на намена А1 – Домување во станбени куќи. Вкупниот максимален број на жители - корисници би изнесувал Nk = 3813 корисници (1059 домаќинства × 3,6 жители по домаќинство).

Водоснабдителната норма треба да изнесува 250 l/ден/жит.

Потребна количина на вода

$Q_{max/час} = \frac{Nk \times Q \times a1 \times a2}{86400}$, каде што:

- Nk - број на жители, посетители

- Q - водоснабдителна норма; Q = 250 l/ден/жит.
- a_1 = коефициент на дневна нерамномерност; a_1 = 1,3
- a_2 = коефициент на часова нерамномерност; a_2 = 1,5

$$Q_{max/час} = \frac{Nk \times Q \times a1 \times a2}{86400} = \frac{3813 \times 250 \times 1,3 \times 1,5}{86400} = 21,51 \text{ l/sec}$$

Согласно со важечките прописи за заштита од пожар потребно е да се одреди дополнителна количина на вода за противпожарна заштита и тоа:

$$Q_{пож} = 10 \text{ (l/sec)}$$

Според тоа вкупната количина на вода која треба да се обезбеди, изнесува:

$$Q = Q_{max/час} + Q_{пож} = 21,51 + 10,00 = 31,51 \text{ (l/sec)}$$

За оваа количина на вода одговара водоводен приклучок со цевка Ø150mm со следниве карактеристики : брзина на водата V = 1,5 (m/sec) и хидраулички загуби од J=0,018 m/m'.

ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА

Во однос на постојна фекална и атмосферска канализација нема доставени никакви податоци за постојна инфраструктура.

По однос на канализација се планира изградба на сепаратен систем на канализација т.е. изградба на посебна канализациска мрежа за атмосферски води како и посебна канализациска мрежа за фекална канализација.

При проекција, одделните канализациски системи се усвоени од надморската висина на локалитетот, од положбата во однос на реципиентот и од експозицијата на теренот.

Канализирањето е предвидено да се врши гравитациски.

Со проекцијата на хидротехничката инфраструктура се предвидува генерално решавање на фекалната канализација, која ќе се состои од канали кои што ќе се водат по планираните сообраќајници.

Количината на отпадните води ќе се пресметува како 80% од максималната часова потрошувачка на вода, зголемена за 20% од инфилтрација на подземни води.

$$Q = 0,80 \times 31,51 \times 1,2 = 30,249 \text{ l/sec}$$

За овој проток на вода при минимален пад од 0,2% за канализацијата одговара цевка со профил од Ø200mm. Согласно препораките комуналните претпријатија, усвоен е профил со Ø250mm, со полнеж од h/d = 0,40 и брзина на водата V = 0,72m/sec.

Канализационата мрежа ќе се состои од канализациски цевки со Ø250mm и армирано - бетонски ревизиони шахти.

Во рамки на планскиот опфат во блок 9 на западната страна на планскиот опфат е предвидена прочестителна станица за одведување на фекалните води.

АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА

Проекцијата на атмосферската канализација, предвидува сепаратен канализациски систем за одвод на атмосферски отпадни води, кој ќе се состои од посебни канали, а кои ќе се водат по главните сообраќајници и по сообраќајници за кои постојат услови за канализирање по гравитациски пат.

Атмосферската канализација ќе ги евакуира отпадните атмосферски води од кровните површини на објектите, од површините на улиците и зелените површини.

Количината на отпадните атмосферски води ќе се одреди со емпириски формули, а во зависност од сливната површина, средниот коефициент на отекување, коефициентот на ретардација (задоцнување) и интензитетот на врнежи за штипската област изнесува i = 85 l/sec/ha.

$$Q = \Sigma F \times i \times \Psi \times \varphi$$

Вкупната сливна површина која гравитира кон атмосферската канализација изнесува:

$$Fa = 50,72a$$

Средниот коефициент на отекување ќе се пресмета по формулата:

$$\Psi = (F1 \times \Psi1 + F2 \times \Psi2 + F3 \times \Psi3) / \Sigma F$$

$$\Psi = (16,58 \times 0,80 + 27,823 \times 0,15 + 6,317 \times 0,85) / 50,72 = 0,4496$$

Каде:

F1 – површини под покриви
F2 – површини со зеленило
F3 – површини под улици и тротоари
Ψ1 – коефициент на отекување од покриви
Ψ2 – коефициент на отекување од зеленило
Ψ3 – коефициент на отекување од улици и тротоари

Коефициентот на ретардација ќе се пресмета по формулата:

$$\varphi = 1 / n\sqrt{\Sigma F} = 1 / 5\sqrt{50,72} = 1 / 35,6085 = 0,02808$$

при што n = 5 за површини со слаб наклон и со продолжена форма.

Според тоа количината на атмосферска вода за одводнување изнесува:

$$Qa = 50,72 \times 85 \times 0,4496 \times 0,02808 = 159,096 \text{ l/sec}$$

Целокупната мрежа на атмосферска канализација треба да се изведе. Уличната мрежа од атмосферската канализација, согласно препораките од комуналните претпријатија, треба да се изведе со цевки со минимален профил од Ø300mm.

4. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ КОИ ВАЖАТ ЗА ЦЕЛАТА ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

4.1 Одредбите за уредување на просторот и графичките прилози се составен дел на планот и имаат дејство само врз градителската активност која ќе следи по стапување во сила на урбанистичкиот план за село.

4.2 Изградбата на нови објекти, изградбата на комуналните објекти и инсталации како и вкупното просторно уредување на предметниот локалитет треба да се изведува согласно законската и подзаконската регулатива, техничките прописи во областа на градежништвото и урбанизмот како и овие параметри што се составен дел на документацијата.

4.3 Параметрите се применуваат во рамките на утврдената граница на опфатот. Специфичните параметри за уредување на просторот се однесуваат на градежните парцели поединечно.

4.4 Планскиот опфат е дефиниран со 11 блока.

4.5 Со урбанистичкиот план за село се одредени:

- граници на блокови
- регулациони линии
- граници на наменски зони
- намена на земјиштето и градбите

4.6 Во урбанистичкиот план за село предвидени се наменски зони со следните класи на намени:

А – ДОМУВАЊЕ

А1 – Домување во станбени куќи

Б – КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ

Б1 – Мали комерцијални и деловни намени

В – ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ

В1 – Образование и наука (Основно училиште новопланирана површина за основно училиште)
В2 – Здравство и социјална заштита (Амбуланта)

В2 – Здравство и социјална заштита (Детска градинка)

В3 –Култура(Дом на култура)

В4 –Државни институции (Полициска станица)

В4 –Државни институции (Пошта)

В5 – Верски институции (Црква)

Г – ПРОИЗВОДСТВО, ИНДУСТРИЈА И СЕРВИСИ

Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија

Д – ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА

Д1 – Парковско зеленило
Д2 – Заштитно зеленило
Д4 – Меморијални простори (Гробишта)

Е - ИНФРАСТРУКТУРА

Е1 – Комунална инфраструктура (Сообраќајни коридори)
Е2 – Комунална супраструктура (Трафостаници)
Е3 – Некомпатибилна инфраструктура (Пречистителна станица)
Река

4.7 Во рамки на планскиот опфат се планирани намени В1-Образование и наука-Основно образование, В2-Здравство и социјална заштита-(Амбуланта) и В5-Државни институции-Црква во кои Градежни парцели и површини за градење не се утврдуваат, а катастарската парцела претставува градежна парцела. По исклучок, при понатамошна разработка – преку изработка на урбанистички проекти можно е да се формираат градежни парцели од две или повеќе катастарски парцели или во рамките на една катастарска парцела може да се формираат две или повеќе градежни парцели, а во

согласност со Член 12 и Член 51 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16).(Тоа ќе се разработува со понатамошна разработка со понизок вид на документација, согласно Законската регулатива).

4.8 Заради флексибилноста на планот, предвидени се и компатибилни класи на намени во однос на основните класи на намена, дадени во точката 3. Опис и образложение на планските решенија за изградба, на наменската употреба на градежното земјиште парцелирано за изградба, на градежното земјиште за општа употреба, сообраќајната и комуналната инфраструктура – потточка 3.2. Класа на намени, а сè во склад со одредбите на Член 31 и Член 32, како и табеларниот Прилог – 1 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

4.9 Урбанистичкиот план за село за овој локалитет треба да овозможи сообраќајно поврзување до секоја катастарска парцела само во блокот кој се разработува.

4.10 Пристапот до градежни парцели во блоковите кои немаат пристап до сите катастарски парцели ќе се реши при понатамошна разработка – преку изработка на урбанистичка документација.

4.11 Со планот се планирани и пешачки патеки. Истите се планирани единствено за движење на пешаци и во исклучителни случаи за движење на интервентни возила. Од пешачките патеки не е дозволен колски пристап до градежните парцели.

4.12 Во однос на решавањето на проблемот на стационарниот сообраќај потребите за паркирање за градежните парцели ќе се решаваат во рамките на сопствената парцела, со почитување на потребен број паркинг места согласно член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

4.13 Градежни парцели и површини за градење не се утврдуваат, освен во блок 11 за кој се прави детална разработка во станатите блокоти кои се решени на ниво на зонинг катастарската парцела претставува градежна парцела. По исклучок, при понатамошна разработка – преку изработка на урбанистички проекти можно е да се формираат градежни парцели од две или повеќе катастарски парцели или во рамките на една катастарска парцела може да се формираат две или повеќе градежни парцели, а во согласност со Член 12 и Член 51 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16).

4.14 Процент на изграденост на земјиштето (Р) е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба.

Процентот на изграденост на земјиштето се пресметува како однос помеѓу површината на земјиштето под градбата и вкупната површина на градежното земјиште, изразен во процент. Во површината под градба се подразбира површината ограничена со надворешните ѕидови и столбови на градбата во висина на приземната плоча без надворешните тераси, скали, рампи, патеки и друго.

Коефициент на искористеност (К) на земјиштето е урбанистичка големина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште.

Коефициент на искористеност на земјиштето се пресметува како однос помеѓу вкупната изградена површина, односно збирот на површините на сите изградени катови на градбата и вкупната површина на градежното земјиште, изразен со рационален број до две децимали. Под вкупна изградена површина се сметаат површините на сите надземни етажи.

При тоа, во рамките на една градежна парцела може да се планираат и компатибилни класи на намена, соодветни на избраната основна класа на намена, а во согласност со

одредбите на Член 32 и Прилог 1 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), како и наведеното во точката 3. Опис и образложение на планските решенија за изградба, на наменската употреба на градежното земјиште парцелирано за изградба, на градежното земјиште за општа употреба, сообраќајната и комуналната инфраструктура – потточка 3.2. Класа на намена од текстуалниот дел на Планската документација на овој Урбанистички план за село.Таму каде што наменските зони спаѓаат во решим на заштита од 2 и 3 степен не се предвидени компатибилни класи на намена.

4.15 При диспозиција на површините за градење за сите наменски зони, како и за зоните со мешовита намена, се применуваат одредбите од Член 40 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

4.16 Котата на приземната плоча ќе се одреди во понатамошните фази на разработка, при изработка на архитектонско – урбанистички проекти и / или основни проекти за градбите, почитувајќи ги одредбите на Член 42 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

4.17 Паркирањето е во рамките на сопствената парцела. Потребниот број на паркинг места за секоја градба е според нејзината намена или големина, т.е. ќе се одреди спрема класата на намена, а пропишана со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

4.18 Процентот на озеленетост во рамките на парцелата претставува однос помеѓу површината на градежно земјиште наменето за зеленило и вкупната површина на градежното земјиште изразено во проценти.

- Процентот на озеленетост во рамките на парцелите потребно е да изнесува минимум **20%**.

Оваа планска одредба станува составен дел на условите за градење.

4.19 Рекламите и огласите не смеат да му пречат на нормалното одвивање на сообраќајот, да му штетат или да го менуваат изгледот на архитектонските објекти и групации ниту да пречат на објектите поставени во јавен интерес како јавно осветлување, градски часовници, табли со имиња на улиците и сл.

4.20 Комуналниот отпад - сметот ќе се одлага во контејнери лоцирани на погодни места во рамките на планскиот опфат, од каде ѓубрето ќе се евакуира во регионална депонија, во село Алинци, оддалечено од градот Прилеп околу 18 км и се наоѓа југо-запад од градот Прилеп.

4.21 За обезбедување на непречено движење на лицата со инвалидитет, при изработка на проекти за уредување на земјиштето за општа употреба, како и проекти за градбите од градежните парцели со основна класа на намена различна од А1 – Домување во станбени куќи, задолжително се применуваат одредбите на Правилникот за начинот на обезбедување на непречен пристап, движење (хоризонтално и вертикално), престој и работа на лица со инвалидност до и во градби со јавни и деловни намени, градби со намена домување во станбени згради, како и градби со станбено – деловна намена (Службен весник на Република Македонија, број 17/15), одредбите на членовите 109 – 123 од Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање (Службен весник на Република Македонија, број 60/12 и 29/15), како и одредбите на членовите 75 – 79 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

4.22 Доколку при реализација на Урбанистичкиот план за село се појави археолошко наоѓалиште, да се постапи во согласност со одредбите на член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Службен весник на Република Македонија, број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15 и 39/16).

За сè што не е регулирано со овие параметри, се применуваат стандардите и нормативите утврдени во Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

4.23 Во рамките на градежните парцели со класа на намена А1 (домување во станбени куќи – селско стопаски дворови) освен објектот за домување, можат да се предвидат и помошни градби во функција на селско стопански двор (штали, складишта, гаражи и сл.)

Површините за градба за намена А1 се дадени апроксимативно, објектот за домување во рамки на градежната парцела може да се позиционира само во рамките на дадената површина за градба, која во графичкиот приказ е дадена апроксимативна, а параметри при изработка на основни проекти за изградба на објекти за домување ќе се користат од нумеричките податоци-површина на градежна парцела и вкупна бруто изградена површина под објект.
Напомена: Градежните парцели кои имаат поголеми површини за градба од 1000 м2, ќе се разработуваат со АУП.

Доколку во градежната парцела има еден објект да се решава со Основен проект, доколку има повеќе градби (комплекс на градби) градежната парцела да се разработи со Архитектонско – урбанистички проект согласно член 51 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“, број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) односно Урбанистички проект, согласно Законот за Просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ, бр. 32/20) Станува збор за парцели над 1000м2, а доколку и во тие парцели има еден објект може да се решаваат со Основен проект, над еден објект со АУП или УП.

За Планираните површини за градба се дозволува фазно градење.

4.24. За УПС Витолиште се изготвени заштитно конзерваторски основи со бр. 10-94/2 од 31.03.2022 од страна на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Прилеп, за кои од страна на Министерство за ултура-Управата за заштита на културното наследство е добиено решение за нивно одобрување, со бр. УП 17-220 ОД 07.04.2022 год.

5. 2. РЕВАЛОРИЗАЦИЈА

На подрачјето на опфатот нема објекти за реваloризација

5. 3. КАТЕГОРИЗАЦИЈА

(според извршена валоризација)

За споменичката целина село Витолиште се предлага категорија значајно културно наследство.

Додека, според извршената валоризација на објектите во границите на

споменичката целина, се предлага утврдување на следната категорија /статус/ на културно наследство:

Улица	Категорија според значење	Категорија според загрозеност	Илустрација
1. **Село** **Витолиште**	Значајно културно наследство	незагрозено	
2. **Село** **Витолиште**	Значајно културно наследство	незагрозено	
3. **Село** **Витолиште**	Значајно културно наследство	незагрозено	
4. **Село** **Витолиште**	Значајно културно наследство	незагрозено	
5. **Село** **Витолиште**	Значајно културно наследство	незагрозено	

6. **Село** **Витолиште**	Значајно културно наследство	загрозено	
7. **Село** **Витолиште**	Значајно културно наследство	незагрозено	
8. **Село** **Витолиште**	Значајно културно наследство	загрозено	
9. **Село** **Витолиште**	Значајно културно наследство	незагрозено	
11. **Село** **Витолиште** „Шупливец“ **КП бр. 3925, 3952, 3951 (парцели кои се во опфатот)**	Значајно културно наследство	незагрозено	
11. **Село** **Витолиште** „Св. Хараламиј“	Значајно културно наследство	незагрозено	

5.4. Режим на заштита

Подрачјето на опфатот на ***УП за село Витолиште - Прилеп*** е поделено на три дела и тоа: рурална споменичка целина, контактна зона и зона без дејство на заштита.

5.4.1 - Зони на заштита

Во просторот на опфатот на УП за село Витолиште, заради обезбедување на состојбата на културното наследство, со дефинирање на заштитен режим се утврдуваат следните зони на заштита:

- Во опфатот на УП за село Витолиште за руралната споменичката целина село Витолиште со контактната зона се предлага – **Зона на ограничена (гарантирана) заштита.**
- За двата археолошките локалитети се предлагаат контактни зони- **Зона на ограничена заштита.**
- За црквата „Св. Илија“ која се наоѓа надвор од заштитената рурална целина, не се предвидува контактна зона, односно контактната зона се поклопува со габаритот на заштитеното добро.

5.4.2-Степени на заштита за подрачјето на опфатот на УП за село Витолиште

- Во опфатот на УП за село Витолиште, за руралната споменичката целина село Витолиште се пропишува втор (2) степен на заштита.
- За контактната зона се пропишува трет (3) степен на заштита.

Од аспект на заштита на културното наследство, според режимот на заштита, треба да се почитуваат следните општи мерки на заштита:

Од аспект на заштита на културното наследство, според режимот на заштита, треба да се почитуваат следните општи мерки на заштита:

- Дефинирањето на режимот за заштита на подрачјето на опфатот подразбира обезбедување на непосредна заштита на начин кој ке ги зачува неговите изворни, историски, урбанистичко архитектонски, уметнички и естетски вредности и ќе овозможи наменско оспособување на објектите и просторот во целината за користење.
- Сите преземени мерки на заштита во опфатот се одредуваат според вредностите дефинирани со валоризација и категоризација на објектите, односно споменичката целина и се изведуваат под надзор од надлежната институција.
- Руралната структура (изградена и неизградена), се третира според карактерот на зоната, во согласност со тековните потреби и функции, користејќи ги архитектонските карактеристики на добрата.
- Подрачјето на опфатот се зачувува како зона со амбиентални објекти, стопански помошни објекти, дворови, зелени површини, со постоечките тесни криви селски улици и улички - сокаци за потребите на жителите и посетителите.
- Ревитализацијата е определена во зависност од пропишаниот режим на заштита, а воведувањето на нови функции се сообразува според можностите на зоната.
- На постојните и новопроектираните и помошните објекти во споменичката целина

село Витолиште не се дозволени никакви интервенции без заштитно-конзерваторско одобрение издадено од надлежниот орган за заштита на културното наследство во согласност со Законот за заштита на културното наследство.

- Постојните помошни објекти кои се наоѓаат во парцелите на објектите кои се предвидени да добијат статус на заштитено добро да не го променат изгледот, применетите материјали, габаритот и висината.
- На подрачјето на руралната споменичка целина село Витолиште и контактната зона не се дозволува изведба на мансардни поткровја.
- Новопланираните објекти во заштитеното подрачје да го следат концептот на отвореност на визурите. Катноста и височината, на евентуално новопредвидените објекти / или на евентуалните доградби и надградби / да бидат резултат на анализи и прилагодување во општиот амбиент и просторни репери.
- При обликувањето на надворешниот изглед на новите објекти во опфатот на заштитеното подрачје да се користат природни и автентични материјали,а се препорачува и користење на традиционалните начини на градба.
- При планирањето на нови објекти во опфатот и било каква припрема на градежна активност, како законска одредба согласно чл. 65 од Законот за заштита на културното наследство (Сл.весник на РМ, бр.20/04 г.) во случај ако се откријат културни слоеви и наоди од претходно живеење, веднаш да се извести надлежната установа (НУ Завод и музеј - Прилеп).
- интервенции ќе се извршуваат во согласност со пропишаниот режим на заштита.
- Преземањето на мерки за непосредна заштита на постојните и новопроектираните објекти во состав на контактната зона се врши врз основа на конзерваторско мислење издадено од надлежната установа за заштита на културното наследство, а во согласност со Законот за заштита на културното наследство (во случајов НУ Завод и музеј Прилеп).

-

5. 4. 3 - Поединечно заштитени добра

- (режим на заштита од втор степен)

- Зачувување на изворната состојба и можност за адаптација на ентериерот, работи на конзервација и реставрација, реконструкција, адаптација со уредување на постојните локации под одредени услови.

1. **Село** **Витолиште**	втор степен	Тековно одржување на објектот, како и зачувување на неговата постојна состојба, со можност за адаптација на ентериерот, конзервација,реставрац	

2. **село** **Витолиште** **Кп.3466**	втор степен	Тековно одржување на објектот, како и зачувување на неговата постојна состојба, со можност за адаптација на ентериерот, конзервација,реставрација, реконструкција и санација на истиот.	
3. **Село** **Витолиште** **Кп.3670**	втор степен	Тековно одржување на објектот, како и зачувување на неговата постојна состојба, со можност за адаптација на ентериерот, конзервација,реставрација, реконструкција и санација на истиот.	
4. **Село** **Витолиште** **Кп.2621**	втор степен	Тековно одржување на објектот, како и зачувување на неговата постојна состојба, со можност за адаптација на ентериерот, конзервација,реставрација, реконструкција и санација на истиот.	
5. **Село** **Витолиште**	втор степен	Тековно одржување на објектот, како и зачувување на неговата постојна состојба, со можност за адаптација на ентериерот, конзервација,реставрација, реконструкција и санација на истиот.	
6. **Село** **Витолиште**	втор степен	Можност за темелна реконструкција со зачувување на постојниот изглед на фасадите	

7. **Село** **Витолиште**	втор степен	Тековно одржување на објектот, како и зачувување на неговата постојна состојба, со можност за адаптација на ентериерот, конзервација,реставрац ија, реконструкција и санација на истиот	
8. **Село** **Витолиште** **Кп.2610**	втор степен	Тековно одржување на објектот, како и зачувување на неговата постојна состојба, со можност за адаптација на ентериерот, конзервација,реставрац ија, реконструкција и санација на истиот.	
9. **Село** **Витолиште** **На сретсело**	втор степен	Тековно одржување на објектот, како и зачувување на неговата постојна состојба, конзервација,реставрац ија, реконструкција и санација на истиот.	

- Со режимот на заштита од втор (2) степен, се предлагаат мерки на непосредна заштита како конзервација, реставрација, реконструкција, санација, адаптација, превентива и секој друг вид директна интервенција на заштитените добра што се преземаат во јавен интерес според чл.11 точ.27 од од Законот за заштита на културното наследство.
- Се планира постојната урбана структура да се адаптира на тековните потреби и новите функции, користејќи ги архитектонските карактеристики на добрата. Пропишаните интервенции главно се однесуваат на адаптација на ентериерот, со цел екстериерот, односно фасадите на објектите да се зачувуваат.
- Санација ќе се примени како постапка и метод на директна интервенција на заштитена градба, во случај на делумна замена или зајакнување на конструктивните елементи на заштитената градба, без да се измени надворешниот изглед на градбата и без да се влијае на безбедноста на соседните објекти.
- Реконструкција во поединечни случаи, ќе се примени како постапка и метод на обновување на заштитено добро што во поголем дел е уништено или чии конструктивни и други делови се дотраени.

За локалитетот “Шупливец” се пропишува следниот заштитен режим:

- На КП кои што припаѓаат во заштитениот локалитет а се и во урбаниот опфат, не се дозволува градба на објекти, согласно чл.74, ст.2, точ.4 од Законот за заштита на

- На веќе постоечките објекти затекнати на овој археолошки локалитет се дозволува конзервација, реставрација, реконструкција на некои делови и санација, со можност за адаптација на ентериерот.

- Во рамките на заштитеното добро и неговата контактна зона не се дозволени никакви градежни интервенции без претходни конзерваторски мислења издадени од надлежниот орган за заштита на културното наследство, во согласност со Законот за заштита на културното наследство.

Висина на венец: постојна

Број на катови: П

6. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

5.1. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА

5.1.1. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА КВАЛИТЕТОТ НА ВОЗДУХОТ

Во моментов присуството на загадувачки материи и приземниот озон во воздухот во полошкиот регион, во чиј состав спаѓа и предметната локација, е под максимално дозволените концентрации согласно мерењата кои се вршат во Мониторинг станицата за мерење на квалитетот на амбиентниот воздух на Државниот автоматски мониторинг систем од

Македонскиот информативен центар за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање. Сепак, микролокациски, на територијата на Општина Витолиште нема мерни станици за мониторинг на квалитетот на воздухот.

Се препорачува да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии. Зелените површини во планскиот опфат да се уредат со автохтони видови со висок биоакумулативен капацитет за евентуално присутните загадувачки материи во воздухот и почвата.

5.1.2. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА КВАЛИТЕТОТ НА ПОЧВАТА

Контаминацијата на почвата со тешки метали, предизвикана од антропогените активности зазема доминантно место во урбанизираниот дел на општината. Контаминацијата на почвата со природно потекло е далеку послабо застапена и има минорно квантитативно значење.

Традиционалните метода за третман на контаминираните локалитети со тешки метали (измивање на контаминентите, нивна солидификација и друго) може да бидат направени in-situ, на самата локација, или ex-situ, преку отстранување на почвата и спроведување на третманот на друга локација.

Фиторемедијацијата е најповолна метода за отстранување, деградација или апсорбција на тешките метали во почвата преку правилен избор на растенија, хиперакумулатори, на контаминираната површина. Најпримењувани механизми за фиторемедијација се ризофилтрација, фитоекстракција и фитостабилизација.

5.1.3. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД БУЧАВА

Секојдневната изложеност на населението на високо ниво на сообраќајна бучава, карактеристична за урбанизираните подрачја, има сериозен јавно – здравствен ризик и наметнува потреба од контрола на бучавата во раните фази од планирањето и уредувањето на просторот.

Во планскиот период треба да се стават во функција мерни места за следење на бучавата. Како краткорочен приоритет треба да се постави изработката на Програма за работа на државната односно локалните мрежи за мониторинг на бучавата.

5.2. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Согласно Законот за одбрана (Службен весник на Република Македонија, број 42/01, 5/03, 5/06, 110/08, 51/11, 151/11, 185/11 и 215/15), Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16) и Законот за управување со кризи (Службен весник на Република Македонија, број 29/05, 36/11, 41/14, 104/15 и 39/16), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Врз основа на член 29 од Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16) Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

1) при планирањето и уредувањето на просторот и населбите;

2) во проектите, за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати,енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко- угостителска дејност и
3) при изградба на објекти и инфраструктура. Начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот прием, Владата го уредува со уредба.

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:

1) изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства;
2) регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи;
3) изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините;
4) обезбедување на противпожарни пречки;
5) изградба на објекти за заштита и
6) изградба на потребната инфраструктура.

При примена на планските решенија на урбанистичкиот план за село, за сè што не е регулирано со овие услови да се применуваат стандардите и нормативите утврдени со Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16), Процена за загрозеност на Република Македонија од природни непогоди и други несреќи (Службен весник на Република Македонија, број 117/07), Методологија за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето (Службен весник на Република Македонија, број 76/06) и Уредбите за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари и урнатини (Службен весник на Република Македонија, број 8/05).

5.2.1. ЗАСОЛНУВАЊЕ

Согласно член 62 од Законот за заштита и спасување, јавните засолништа се планираат согласно Програмата на Владата за мерките за заштита и спасување и Програмата на единицата на локална самоуправа Прилеп за мерките за заштита и спасување и истите се вградени во урбанистичките планови.

Начинот на изградба на јавни засолништа и одржување и користење на веќе изградените засолништа и другите заштитни објекти и определување на потребниот број на засолнишни места со Уредба се утврдува од Владата ("Сл.весник на РМ" број 80/05).

5.2.2. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ, ЕКСПЛОЗИИ И ОПАСНИ МАТЕРИИ

При изработка на архитектонско – урбанистичките проекти и основните проекти, сите објекти да се лоцираат така да се пристапни за пожарните возила, а ширината на пристапот не смее да биде помала од 3,5m со што се овозможува лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичњаците на пристапниот пат мора да бидат закосени поради лесен пристап на пожарните возила до објектот.

Сообраќајниот систем во локалитетот овозможува лесен пристап на пожарните возила до објектите. При конципирање на сообраќајот планирано е непречено движење на пожарните возила. Сообраќајницата и пристапот се така планирани да овозможува несметан пристап за пожарни возила со доволна ширина на пристапот, за да се овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичњаците на пристапниот пат треба да бидат со висина не поголема од 7,0cm и закосени поради лесен пристап на пожарни возила до објектот.

Временскиот рок за дејствување на пожарните возила зависи од оддалеченоста на најблиската противпожарна станица, која за овој плански опфат кој спаѓа во реонот на противпожарната единица во Прилеп би изнесувал од 15 до 18 мин, одалечена е на околу 11км.

Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16). Со планирањето на хидрантската мрежа да се задоволат сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар. Надворешната хидрантска мрежа е збир на градежни објекти и уреди со кои водата од извор погоден за снабдување со вода, со цевководи се доведува на хидрантските приклучоци кои непосредно се користат за гаснење на пожари или на нив се приклучуваат противпожарни возила.

За надворешната хидрантска мрежа да се предвиди прстенест систем на цевководи, со минимален пречник Ø80mm. На хидрантската водоводна мрежа со минимален профил од Ø80mm се поставуваат противпожарни хидранти чии приклучни цевководи имаат пречник најмалку Ø80mm. Хидрантите да се поставени на меѓусебно растојание од 80 до 150m. Притисокот во хидрантската мрежа не смее да биде понизок од 2,5 бара.

Државните органи, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите се должни да имаат соодветни уреди и инсталации за заштита од пожари и експлозии, друга противпожарна опрема, средства за гаснење на пожари и противпожарни апарати, според пропишани стандарди. Уредите, инсталациите, опремата и средствата од ставот 1 на овој член, задолжително треба да се наоѓаат на одредени места, да се одржуваат во исправна состојба, да бидат посебно обележани и секогаш достапни за употреба, согласно со закон.

Согласно Член 70 од Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16), инвеститорот во проектната документација за изградба на објекти, како и за објекти на кои се врши реконструкција - пренамена е должен да изготви посебен елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи и да прибави согласност за застапеноста на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Согласност за застапеност на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи дава Дирекцијата, односно нејзините подрачни организациони единици за заштита и спасување. Директорот на Дирекцијата ја утврдува содржината на елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Директорот на Дирекцијата ги пропишува мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Одредбата од ставот 1 на овој член ги опфаќа сите објекти, освен станбените објекти со висина на венецот до 10,20m и јавните објекти со капацитет за истовремен престој до 25 лица.

За објектите на кои не се однесува одредбата на овој член се применуваат важечките мерки, нормативи и стандарди кои се однесуваат на заштита и спасување.

Задолжително е примена на громобранска инсталација, со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

5.2.3. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ

Просторот на предметниот плански опфат се наоѓа во зона на VIII° по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси, што наметнува задолжителна примена на нормативно – правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита при изградбата на новите објекти.

Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот на сеизмичкото проектирање со помали висини на објектите и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила.

5.2.4. РАДИОЛОШКА, ХЕМИСКА И БИОЛОШКА ЗАШТИТА

Радиолошката, хемиската и биолошката заштита опфаќа мерки и активности за заштита на луѓето, добитокот и растенијата, со навремено откривање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошки, хемиски и биолошки агенси и преземање на мерки и активности за отстранување на последиците од нив.

Сопствениците на објекти во кои се произведуваат и складираат опасни материи, сопствениците на транспортни средства, сопствениците и корисниците на објектите и уредите кои се наменети за јавно снабдување со вода, производство, сообраќај и складирање на прехранбени производи, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопствениците на објекти во кои се врши згрижување и образование на децата, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги спроведуваат стандардите и процедурите за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

Надлежните субјекти потребно е да преземат мерки и активности за заштита и спасување и тоа:

- РХБ извидување на територијата
- дозиметриска контрола
- детекција на РХБ агенси присутни на одредено подрачје
- лабораториско испитување на видот, концентрацијата, својствата и другите карактеристики на РХБ контаминентите.

5.2.5. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОПЛАВИ

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во

поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

5.2.6. ЗАШТИТА ОД НЕЕКСПЛОДИРАНИ УБОЈНИ И ДРУГИ ЕКСПЛОЗИВНИ СРЕДСТВА

Согласно Член 80 од Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16), заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање, пронаоѓање на неексплодираните убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определеното и уреденото место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот. Онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на местото на пронаоѓање, ако за тоа постојат безбедносни услови.

Ако не се исполнети условите од ставот 2 на овој член, уништувањето на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на претходно определени и уредени места за таа намена.

Стандардните оперативни процедури за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства ги пропишува директорот на Дирекцијата.

5.2.7. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ТЕХНИЧКО - ТЕХНОЛОШКИ НЕСРЕЌИ

На делови од локалитетот постои можност од појава на технички несреќи како резултат на намената на просторот Г – Производство, дистрибуција и сервиси (Г2).

Заради постигнување на целосна заштита на луѓето, материјалните добра и потесната и поширокатa животна средина потребно е одржување на опремата и инсталациите, заради сигурно користење на опасни материјали во технолошките процеси заради одбегнување на технолошките катастрофи, ограничување на емисијата како последица од пожар, експлозија или ослободување на хемикалии, што може да се случи во околности на поголеми индустриски акциденти и заштита на животната средина во смисла на ограничување на ефектите од емисија на опасни материи или последици од пожар и експлозии.

Услови за заштита и спасување од техничко - технолошки несреќи:

- потребно е да се предвидат превентивни мерки од страна на стопанските субјекти за спречување на технолошки катастрофи, базирани врз анализата на однесувањето на исти или слични постројки.
- потребна е замена на халогенираните јагленоводороди како разладни средства и пропеланти, редукција на сегашната емисија на голем број на опасни супстанци и редукција на емисија на бензин, хлорометан, духлоретан, бакар и кадмиум, намалување на емисијата на јаглероден диоксид и сулфур диоксид и дефосфатизирање и денитрифицирање на отпадниот материјал.
- изработка на соодветни планови и програми за заштита на населението и едукација и тренинг на персоналот во случај на евентуална техничка катастрофа.

5.2.8. СПАСУВАЊЕ ОД СООБРАЌАЈНИ НЕСРЕЌИ

Местополпжбата на с. Витолиште е на југо источниот дел од Прилеп на 44,5 км, а пристапот е преку Регионалниот асфалтен пат Р 1107, кој продолжува низ Мариово и се движи кон исток, а потоа и кон северо исток и продплжува се до Кавадарци.
Овој Регионален пат Р 1107 започнува од запад и се надоврзува на Магистралниот патен правец М5 (Прилеп – Битола) и на Р 1101 (Прилеп - Битола), а преку нив со останатите градови и населени места во РМ.

Во рамките на локалитетот има разгранета сообраќајна мрежа, претежно со улици со неадекватен сообраќаен профил. Врз основа на оваа постојна состојба, планирана е сообраќајна мрежа со која се обезбедува пристап до повеќето катастарски парцели. Стационарниот сообраќај е решен согласно Член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18). Комплетната сообраќајна сигнализација на уличната мрежа, како вертикална и хоризонтална треба да е изведена согласно прописите од областа на сообраќајот.

Временскиот рок за дејствување на возилата за брза помош зависи од оддалеченоста на најблиската болница или поликлиника, која за овој плански опфат во реонот на ЈЗУ Општа болница Борка Талески- Прилеп би изнесувал околу 58 мин, одалечена околу 50 км.

Временскиот рок за дејствување на пожарните возила зависи од оддалеченоста на најблиската противпожарна станица, која за овој плански опфат кој спаѓа во реонот на противпожарната единица во Прилеп би изнесувал околу 58 мин, одалечена е на околу 50 км.

5.2.9. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД СВЛЕКУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО

При изработката на урбанистичко планската документација со оглед на конфигурацијата на теренот, претпоставува можно настанување на свлекување на земјиштето,потребно е да се изготви Елаборат за извршени геомеханички,геолошки и хидролошки испитувања.

5.2.10. ПРВА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ

Прва медицинска помош опфаќа преземање на мерки и активности за укажување на прва медицинска помош со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето - заболувањето, медицинска тријажа на повредените и заболените и транспорт до најблиските здравствени установи.

Временскиот рок за дејствување на возилата за брза помош зависи од оддалеченоста на најблиската болница или поликлиника, која за овој плански опфат во реонот на ЈЗУ Општа болница Борка Талески- Прилеп би изнесувал околу 58 мин, одалечена околу 50 км.

5.2.11. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА ЖИВОТНИ И ПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО

Заштитата и спасувањето на животни и производи од животинско потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки за заштита на животните и производите од животинско потекло од дејствата на природните непогоди и други несреќи,согласно член 89 од Законот за заштита и спасување.

5.2.12. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА РАСТЕНИЈА ПРОИЗВОДИ ОД РАСТИТЕЛНО ПОТЕКЛО

Заштитата и спасувањето на растенијата и производите од растително потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки и активности за заштита од растителни болести,штетници,плевели,радиолошка,хемиска и биолошка контаминација и други видови на загрозување,согласно член 90 од Законот за заштита и спасување.

5.2.13. АСАНАЦИЈА НА ТЕРЕНОТ

Асанацијата на теренот опфаќа пронаоѓање,собирање,идентификација, транспорт и погребување на загинати и умрени лица,собирање,транспорт и закоп на угинати животни,собирање и уништување на сите видови отпадни и други опасни материи што го загрозуваат животот и здравјето на луѓето,дезинфекција,дезинсекција и дератизација на теренот и објектите како и асанација на објектите за водоснабдување, согласно член 91 од Законот за заштита и спасување(Сл.весник на РМ бр.93/12).

Се што не е опфатено во напред изнесените податоци и информации,се применуваат одредбите од Законот за заштита и спасување ("Сл.весник на РМ" бр.93/12),Законот за пожарникарство ("Сл.весник на РМ" бр.64/04) и другите подзаконски акти кои ја регулираат материјата за заштита и спасување.

5.2.14. ЗГРИЖУВАЊЕ НА НАСТРАДАНО И ЗАГРОЗЕНО НАСЕЛЕНИЕ

Згрижувањето на настрадано и загрозено население е предвидено во член 86 од Законот за заштита и спасување.

Согласно член 86 од Законот за заштита и спасување, згрижувањето опфаќа прифаќање, сместување и обезбедување на основни услови за живот на настраданото и загрозеното население. Републиката и единиците на локалната самоуправа се должни да обезбедат сместување и итно згрижување на населението, кое поради природни непогоди и други несреќи, останало без дом и средства за живеење и кое поради загрозеност се задржува надвор од своето место на живеење.

Републиката и единиците на локалната самоуправа од кои се згрижува населението ги покриваат трошоците за сместување и обезбедување на основните услови за живот.

5.3. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПРЕЧУВАЊЕ НА ОШТЕТУВАЊА НА ВОДОСТОПАНСКИ ОБЈЕКТИ И ПОСТРОЈКИ

За потребите за изработка на Урбанистичкиот план за село Витолишта, општина Прилеп изработена е студија за регулација на сливното подрачје на Витолишка Река, Поток Баљевац и Задња Река. Регулација на речните корита и заштитни појаси со цел да се обезбеди заштита на просторот од негативното влијание при појава на големи води, чии профили се нанесени во планската документација.

Заради заштита и спречување на оштетувања на водостопански објекти и постројки, се забранува:

(1) Заради заштита и одржување на природните и уредените речни корита и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите, забрането е, освен со дозвола или согласност издадена врз основа на закон:

1. да се изведуваат градби или да се вршат работи со кои се загрозува стабилноста на одбранбените насипи, да се копа земја, да се садат дрвја и грмушки, забиваат колци или да се подигаат огради, доколку не се составен дел на системот за одбрана од поплави;
2. да се копаат и дупчат бунари на растојание помало од 20 метри од ножицата на одбранбените насипи;
3. да се копаат прокопи и паралелни канали по должината на насипот поблиски од 10 метри од внатрешната и 10 метри од надворешната страна на ножицата на насипот;
4. во појасот на одбранбениот насип и други заштитни водостопански објекти и постројки да се сечат дрвја, врбјаци и грмушки што се составен дел на заштитата, одбранбените работи и мерки, ако тоа не е определено со планот за одржување на заштитните објекти и постројки;
5. да се пушта добиток за напасување и преминување преку или долж водостопанските објекти, ако тоа не е предвидено со планот за одржување на водостопанските објекти и постројки;
6. да се врши сообраќај долж или преку водостопанските објекти и постројки, освен на определени места за тоа (природни рампи);
7. да се фрлаат отпадоци, земја и други предмети со кои се затрупуваат каналите; да не се фрла отпаден материјал (индустриски, комунален и друг отпад), земја, градежен шут, јаловина и друго;
8. да се испуштаат отпадни води во објектите од хидросистемите и системите за наводнување и системите за одводнување;
9. да се изведуваат работи кои би можеле да ги променат условите за мерење на водата на хидрометриски профили кај хидролошките станици;
10. да се изведуваат работи кои би можеле да ја загрозуваат стабилноста на браната, одбранбените насипи и други водостопански објекти и постројки или нивното наменско користење, како и да се менуваат природните услови во околината на акумулацијата поради што би можело да дојде до лизгање на теренот, појава на ерозија или создавање на суводолици и порои;
11. да се изгради брана, насип или друга слична препрека која би имала негативно влијание врз протокот на водотекот

12. да се градат напречни насипи, прегради, други објекти и насади во коритата на водотеците кои го влошуваат режимот на течението на водите;
13. да се вади песок, чакал, камен и друго од заштитните водостопански објекти и постројки, од корита и бреговите на површински водни тела (водотеци и езера и акумулации), со што се влошува постојниот режим на води, се предизвикуваат процеси на ерозија и се ограничува или оневозможува користењето на водите; ако тоа не е предвидено со планот за нивно одржување и
14. Да се менува правецот на водотекот;
15. да се вршат и други работи со кои се оштетуваат водостопански објекти и постројки. оштетуваат речните корита и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите;

(2) При примената на ставот (1) од овој член, треба да се има предвид дека:
16. корито на регулиран водотек, во смисла на овој закон, е просторот меѓу крајбрежните објекти (насипи, кејови и друго) во кој постојано или повремено тече вода;
17. корито на природен водотек, во смисла од овој закон, е просторот меѓу границите на допирањето на педесетгодишната вода;
18. крајбрежен појас на водотек вон населени места, во смисла на овој закон, е појасот во ширина од 50 метра зад ножицата на насипот кај регулираните водотеци, односно зад линијата на допирањето на педесетгодишната вода кај нерегулираните водотеци, а во населените места ширината на крајбрежниот појас ја определуваат советот на општините и советот на градот Скопје, на предлог на градоначалникот на општините и на градот Скопје, по претходна согласност на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина и
19. крајбрежен појас на езеро и акумулации, во смисла на овој закон, е појасот во ширина од 50 метра од линијата на највисокиот утврден водостој.

5.3.1. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА, ОДРЖУВАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ПОВРШИНСКИТЕ ВОДИ И КРАЈБРЕЖНИТЕ ЗАМЈИШТА

1. Заради заштита и одржување на природните и уредените речни корита и бреговите на водотеците, забрането е, освен со дозвола или согласност, изградба на постројки и објекти во заштитениот крајбрежен појас во широчина од 50 метри зад линијата на допирањето на педесетгодишната вода кај нерегулираните водотеци, односно зад ножицата на насипот кај регулираните водотеци, а во населените места ширината на крајбрежниот појас ја определува советот на општините и советот на градот Скопје на предлог на градоначалникот на општината, по претходна согласност на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животна средина.

2. Изведувањето на водостопанските објекти и постројки, како и други активности да се врши во согласност со прифатени современи техники и стандарди, прилагодени на научно – техничкиот развој на начин кој нема да предизвика негативно влијание врз режимот на водите и врз корисниците.

3. Објектите и постројките кои што во процес на производство, преработка, полнење и складирање, користат или применуваат опасни материи и супстанци што можат да влијаат врз квалитетот на водата, вклучувајќи и цевководи за транспорт на такви материи и супстанции,

се градат, поставуваат, работат и одржуваат на начин што исклучува секакво директно и индиректно загадување на подземните и површинските води.

4. Пристапот до крајбрежниот појас на водотеците, езерата и акумулациите за спорт, рекреација и слични активности е слободен.

5. Потребно е да се предвиди механички и биолошки третман на отпадните води од населени места и стопански комплекси, согласно Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води и Уредбата за класификација на водите (Сл.весник на Р.М . бр.18/99).

5.3.2. МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА БАРИЕРИ ЗА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ

Составен дел на овој Урбанистички план за село се конкретни мерки за создавање на услови за непречено движење на лица со инвалидитет во рамките на планскиот опфат. Ова особено се однесува на уредувањето на земјиштето за општа употреба во рамките на планскиот опфат, а пред сè планираната улична мрежа и јавен паркинг.

За обезбедување на непречено движење на лицата со инвалидитет, сите јавни пешачки површини се планирани со континуирана нивелета без скалести денивелации, со најголем подолжен наклон од 1,67%.

При изработка на проекти за уличната мрежа, на секој пешачки премин треба да се предвидат рампи за совладување на денивелацијата помеѓу тротоарот и коловозот.

Поставувањето на трајна и времена урбана опрема на јавните пешачки површини не смее да претставува архитектонска бариера и да го попречува или отежнува пешачкиот сообраќај, а особено на лица со инвалидност со колички.

При изработка на проекти за уредување на земјиштето за општа употреба, како и проекти за градбите од градежните парцели со основна класа на намена различна од А1 – Домување во станбени куќи, задолжително се применуваат одредбите на Правилникот за начинот на обезбедување на непречен пристап, движење (хоризонтално и вертикално), престој и работа на лица со инвалидност до и во градби со јавни и деловни намени, градби со намена домување во станбени згради, како и градби со станбено – деловна намена (Службен весник на Република Македонија, број 17/15), одредбите на членовите 109 – 123 од Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање (Службен весник на Република Македонија, број 60/12 и 29/15), како и одредбите на членовите 75 – 79 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

5.3.3 МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Допис податоци и нформации од Министерство за култура - Управа за заштита на културното наследство бр.17-2069/2 од 13.07.2020 год.

<u>За предметниот плански опфат најпрво побаравме податоци и нформации од Министерство за клултура-Управа за заштита на културното наследство, со што не</u>

упатуваат да побараме ваше мислење и увид на терен. Во нивниот дописот е наведено следното:

Управа за заштита на културното наследство , орган во состав на Министерството за култура, го разгледа вашето барање за доставување на податоци и информации за изработка на **Урбанистички план за село Витолиште со разработка на блок 11, КО Витолиште, Општина Прилеп и констатира дека во границите на предметниот опфат и во близина на подрачјето на планскиот опфатот се наоѓаат културни наследства и тоа археолошки локалитети Гробишта Св.Илија 4-820-013/209 ЕНД- некропола од римско време, Св.Харалампие- 4-820-013/197 ЕНД-некропола од римско време, Шупливец-4-820-013/203 ЕНД-населба од римско време и други, како црква Св.Атанасие 4-820-013/056 Е-НД, добра за кое основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.**

Поради тоа во согласност со одредбите од член 71 од Законот за заштита на културното наследство (Сл.Весник на РМ бр.20/04, бр.115/07, бр.18/11, бр.148/11, бр.23/13, бр.137/13, 164/13, 38/14 И 44/14), **ве упатуваме да се обратите до надлежната установа НУ Завод за заштита на споменици на култура и музеј-Прилеп, да извршат увид и да се изјаснат со стручни мислење.**

За УПС Витолиште се изготвени заштитно конзерваторски основи со бр. 10-94/2 од 31.03.2022 од страна на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Прилеп, за кои од страна на Министерство за ултура-Управата за заштита на културното наследство е добиено решение за нивно одобрување, со бр. УП 17-220 ОД 07.04.2022 год.

5. 2. РЕВАЛОРИЗАЦИЈА

На подрачјето на опфатот нема објекти за реваloризација

5. 3. КАТЕГОРИЗАЦИЈА

(според извршена валоризација)

За споменичката целина село Витолиште се предлага категорија значајно културно наследство.

Додека, според извршената валоризација на објектите во границите на споменичката целина, се предлага утврдување на следната категорија /статус/ на културно наследство:

Улица	Категорија според значење	Категорија според загрозеност	Илустрација
1. **Село** **Витолиште**	Значајно културно наследство	незагрозено	

2. **Село** **Витолиште**	Значајно културно наследство	незагрозено	
3. **Село** **Витолиште**	Значајно културно наследство	незагрозено	
4. **Село** **Витолиште**	Значајно културно наследство	незагрозено	
5. **Село** **Витолиште**	Значајно културно наследство	незагрозено	
6. **Село** **Витолиште**	Значајно културно наследство	загрозено	

7. **Село** **Витолиште**	Значајно културно наследство	незагрозено	
8. **Село** **Витолиште**	Значајно културно наследство	загрозено	
9. **Село** **Витолиште**	Значајно културно наследство	незагрозено	
11. **Село** **Витолиште** „Шупливец“ **КП бр. 3925, 3952, 3951 (парцели кои се во опфатот)**	Значајно културно наследство	незагрозено	
11. **Село** **Витолиште** „Св. Харалампиј“	Значајно културно наследство	незагрозено	

5.4. Режим на заштита

Подрачјето на опфатот на ***УП за село Витолиште - Прилеп*** е поделено на три дела и тоа: рурална споменичка целина, контактна зона и зона без дејство на заштита.

5.4.1 - Зони на заштита

Во просторот на опфатот на УП за село Витолиште, заради обезбедување на состојбата на културното наследство, со дефинирање на заштитен режим се утврдуваат следните зони на заштита:

- Во опфатот на УП за село Витолиште за руралната споменичката целина село Витолиште со контактната зона се предлага – **Зона на ограничена (гарантирана) заштита.**
- За двата археолошките локалитети се предлагаат контактни зони- **Зона на ограничена заштита.**
- За црквата „Св. Илија“ која се наоѓа надвор од заштитената рурална целина, не се предвидува контактна зона, односно контактната зона се поклопува со габаритот на заштитеното добро.

5.4.2-Степени на заштита за подрачјето на опфатот на УП за село Витолиште

- Во опфатот на УП за село Витолиште, за руралната споменичката целина село Витолиште се пропишува втор (2) степен на заштита.
- За контактната зона се пропишува трет (3) степен на заштита.

Од аспект на заштита на културното наследство, според режимот на заштита, треба да се почитуваат следните општи мерки на заштита:

Од аспект на заштита на културното наследство, според режимот на заштита, треба да се почитуваат следните општи мерки на заштита:

- Дефинирањето на режимот за заштита на подрачјето на опфатот подразбира обезбедување на непосредна заштита на начин кој ке ги зачува неговите изворни, историски, урбанистичко архитектонски, уметнички и естетски вредности и ќе овозможи наменско оспособување на објектите и просторот во целината за користење.
- Сите преземени мерки на заштита во опфатот се одредуваат според вредностите дефинирани со валоризација и категоризација на објектите, односно споменичката целина и се изведуваат под надзор од надлежната институција.
- Руралната структура (изградена и неизградена), се третира според карактерот на зоната, во согласност со тековните потреби и функции, користејќи ги архитектонските карактеристики на добрата.
- Подрачјето на опфатот се зачувува како зона со амбиентални објекти, стопански помошни објекти, дворови, зелени површини, со постоечките тесни криви селски улици и улички - сокаци за потребите на жителите и посетителите.
- Ревитализацијата е определена во зависност од пропишаниот режим на заштита, а воведувањето на нови функции се сообразува според можностите на зоната.
- На постојните и новопроектираните и помошните објекти во споменичката целина село Витолиште не се дозволени никакви интервенции без заштитно-конзерваторско одобрение издадено од надлежниот орган за заштита на културното наследство во согласност со Законот за заштита на културното наследство.
- Постојните помошни објекти кои се наоѓаат во парцелите на објектите кои се предвидени да добијат статус на заштитено добро да не го променат изгледот, применетите материјали, габаритот и висината.
- На подрачјето на руралната споменичка целина село Витолиште и контактната зона не се дозволува изведба на мансардни поткровја.
- Новопланираните објекти во заштитеното подрачје да го следат концептот на отвореност на визурите. Катноста и височината, на евентуално новопредвидените објекти / или на евентуалните доградби и надградби / да бидат резултат на анализи и прилагодување во општиот амбиент и просторни репери.
- При обликувањето на надворешниот изглед на новите објекти во опфатот на заштитеното подрачје да се користат природни и автентични материјали,а се препорачува и користење на традиционалните начини на градба.
- При планирањето на нови објекти во опфатот и било каква припрема на градежна активност, како законска одредба согласно чл. 65 од Законот за заштита на културното наследство (Сл.весник на РМ, бр.20/04 г.) во случај ако се откријат културни слоеви и наоди од претходно живеење, веднаш да се извести надлежната установа (НУ Завод и музеј - Прилеп).
- интервенции ќе се извршуваат во согласност со пропишаниот режим на заштита.
- Преземањето на мерки за непосредна заштита на постојните и новопроектираните објекти во состав на контактната зона се врши врз основа на конзерваторско мислење издадено од надлежната установа за заштита на културното наследство, а во согласност со Законот за заштита на културното наследство (во случајов НУ Завод и музеј Прилеп).

-

5. 4. 3 - Поединечно заштитени добра

- (режим на заштита од втор степен)

- Зачувување на изворната состојба и можност за адаптација на ентериерот, работи на конзервација и реставрација, реконструкција, адаптација со уредување на постојните локации под одредени услови.

1. **Село** **Витолиште**	втор степен	Тековно одржување на објектот, како и зачувување на неговата постојна состојба, со можност за адаптација на ентериерот, конзервација,реставрац	
2. **село** **Витолиште** **Кп.3466**	втор степен	Тековно одржување на објектот, како и зачувување на неговата постојна состојба, со можност за адаптација на ентериерот, конзервација,реставрација, реконструкција и санација на истиот.	
3. **Село** **Витолиште** **Кп.3670**	втор степен	Тековно одржување на објектот, како и зачувување на неговата постојна состојба, со можност за адаптација на ентериерот, конзервација,реставрацij, реконструкција и санација на истиот.	
4. **Село** **Витолиште** **Кп.2621**	втор степен	Тековно одржување на објектот, како и зачувување на неговата постојна состојба, со можност за адаптација на ентериерот, конзервација,реставрација, реконструкција и санација на истиот.	

5. **Село** **Витолиште**	втор степен	Тековно одржување на објектот, како и зачувување на неговата постојна состојба, со можност за адаптација на ентериерот, конзервација,реставрација, реконструкција и санација на истиот.	
6. **Село** **Витолиште**	втор степен	Можност за темелна реконструкција со зачувување на постојниот изглед на фасадите	
7. **Село** **Витолиште**	втор степен	Тековно одржување на објектот, како и зачувување на неговата постојна состојба, со можност за адаптација на ентериерот, конзервација,реставрација, реконструкција и санација на истиот	
8. **Село** **Витолиште** **Кп.2610**	втор степен	Тековно одржување на објектот, како и зачувување на неговата постојна состојба, со можност за адаптација на ентериерот, конзервација,реставрација, реконструкција и санација на истиот.	
9. **Село** **Витолиште** **На сретсело**	втор степен	Тековно одржување на објектот, како и зачувување на неговата постојна состојба, конзервација,реставрација, реконструкција и санација на истиот.	

- Со режимот на заштита од втор (2) степен, се предлагаат мерки на непосредна

заштита како конзервација, реставрација, реконструкција, санација, адаптација, превентива и секој друг вид директна интервенција на заштитените добра што се преземаат во јавен интерес според чл.11 точ.27 од од Законот за заштита на културното наследство.

- Се планира постојната урбана структура да се адаптира на тековните потреби и новите функции, користејќи ги архитектонските карактеристики на добрата. Пропишаните интервенции главно се однесуваат на адаптација на ентериерот, со цел екстериерот, односно фасадите на објектите да се зачувуваат.
- Санација ќе се примени како постапка и метод на директна интервенција на заштитена градба, во случај на делумна замена или зајакнување на конструктивните елементи на заштитената градба, без да се измени надворешниот изглед на градбата и без да се влијае на безбедноста на соседните објекти.
- Реконструкција во поединечни случаи, ќе се примени како постапка и метод на обновување на заштитено добро што во поголем дел е уништено или чии конструктивни и други делови се дотраени.

За локалитетот “Шупливец” се пропишува следниот заштитен режим:

- На КП кои што припаѓаат во заштитениот локалитет а се и во урбаниот опфат, не се дозволува градба на објекти, согласно чл.74, ст.2, точ.4 од Законот за заштита на културното наследство (Сл. В. РМ бр.: 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16).
- При изработката на Урбанистички план за с.Витолиште, во посебните одредби на планската документација да се напомене, дека при било какви градежни активности за потребите на инфраструктурата на парцелите што припаѓаат на заштитениот локалитет и неговата контактна зона, задолжителен е надзор на стручно лице за заштита на културно наследство од надлежната установа, на товар на инвеститорот, согласно чл.74, ст.2, точ.4 од Законот за заштита на културното наследство.
- Во случај на евентуално откривање на наоди од претходни периоди на живеење, задолжително е да се извршат заштитни археолошки ископувања и истражувања. По однос на добиените резултати од заштитните археолошки ископувања ќе се изврши реваоризација на локалитетот, со утврдување на неговата категоризација и ќе се редефинира степенот на заштита со пропишување на соодветен режим на заштита.
- Со оглед што дел од археолошкото наоѓалиште „Шупливец“ се наоѓа на парцели во приватна сопственост и тоа : КП 3951 во сопственост на Трајко Јованов Стојаноски од Витолиште; КП 3952 и КП 3925 во сопственост Трајанка Ѓоре Иваноска од Чаништа и Ѓорѓија Ѓоре Шојоски од Битола; КП 3922 во сопственост Стојан Златев Ташоски од Витолиште; КП 3923 во сопственост на Илко Пејов Пашоски од Прилеп и КП 3924 во сопственост на РМ, се дозволува извршување на замјоделски активности со кои не се нарушува интегритетот на културните хоризонти.

За локалитетот “Св. Харалампиј” се пропишува следниот заштитен режим:

- На парцелите од археолошкиот локалитет “Св. Харалампиј” во рамките на опфатот, не се дозволува градба на објекти, согласно чл.74, ст.2, точ.4 од Законот за заштита на културното наследство (Сл. В. РМ бр.: 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16).
- При изработката на Урбанистички план за с.Витолиште, во посебите одредби на планската документација да се напомене, дека при било какви градежни активности за потребите на инфраструктурата на сите парцели или за санација на објектите кои се наоѓаат во рамките на овој локалитет, задолжителен е надзор на стручно лице за

заштита на културно наследство од надлежната установа, на товар на инвеститорот, согласно чл.74, ст.2, точ.4 од Законот за заштита на културното наследство.

- Во случај на евентуално откривање на наоди од претходни периоди на живеење, задолжително е да се извршат заштитни археолошки ископувања и истражувања, согласно чл.74, ст.2, точ.1 од Закон за заштита на културното наследство. По однос на добиените резултати од заштитните археолошки ископувања ќе се изврши реваоризација на локалитетот, со утврдување на неговата категоризација и ќе се редефинира степенот на заштита со пропишување на соодветен заштитен режим.
- Се задржува постојната висинската катност кај сите веќе постоечки изградени објекти, во заштитеното добро и контактната зона на археолошкиот локалитет.
- На веќе постоечките објекти затекнати на овој археолошки локалитет се дозволува конзервација, реставрација, реконструкција на некои делови и санација, со можност за адаптација на ентериерот.

- Во рамките на заштитеното добро и неговата контактна зона не се дозволени никакви градежни интервенции без претходни конзерваторски мислења издадени од надлежниот орган за заштита на културното наследство, во согласност со Законот за заштита на културното наследство.

5.5 - Посебни мерки за заштита

- Во опфатот на споменичката целина не се дозволени никакви градежни интервенции без претходни конзерваторски одобренија издадени од надлежниот орган за заштита на културното наследство, во согласност со Законот за заштита на културното наследство, условено со пропишаниот режим на споменичката целина.
- Во рамките на опфатот на споменичката целина не се дозволува лоцирање на времени објекти, билборди, контејнери за отпад и сл. Не се дозволува поставување на урбана опрема и никакви градежни интервенции без претходни одобренија издадени од надлежниот орган за заштита на културното наследство.
- Во насока на ревитализација усогласено со карактерот на зоните на ограничена (гарантирана) заштита, се заштитува зелената, јавна површина во дворот на црквите и училиштето, заедно со постоечките стари дрвја, како комплементарна структура на амбиентот.
- Со предложените мерки на заштита се оневозможува било какво уништување на високо стеблестите растенија, додека се поттикнува одржување и дооформување на тревните површини во опфатот, како и регулација на пешачките патеки. Зелената површина ќе се одржува и заштитува согласно законската регулатива за заштита и унапредување на животната средина.
- Евентуалните надградби или изградба на нови објекти висински да кореспондираат со амбиентот на опфатот и да бидат со максимална катност П+2.
- Сообразено со карактерот на делот на зоната на ограничена (гарантирана) заштита, се дозволува реконструкција, односно изградба на објект (факсимилна обнова), согласно постоечките фотографии со висина од П+2 на локациите на срушените објекти. Објектите треба да бидат изведени во стилот на традиционалното локално градителство, со употреба на традиционални градежни материјали и адекватни техники на градба.
- Во рамките на предложената рурална споменичката целина и нејзината

контактна зона не се дозволени никакви градежни интервенции без претходни конзерваторски мислења издадени од надлежниот орган за заштита на културното наследство, во согласност со Законот за заштита на културното наследство.

